Овој проект е финансиран
од Европската Унија

ЕУ са ТЕБЕ

КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
KOALICIONI TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
KOALICIJA SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE



# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО 2024 ГОДИНА

СКОПЈЕ 2024

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО 2024 ГОДИНА

Скопје, 2024

**Издавач:**
Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје

**За издавачот:**
Дарко Аврамовски - извршен директор на Коалицијата Сите за правично судење

**Уредник:**
Дарко Аврамовски

**Автори:**
Ивана Петковска
Лејла Тутиќ

**Соработници:**
Проф. д-р Денис Прешова

**Техничка обработка:**
Даниел Митковски

**Печатење:**
Графохартија

**Тираж:**
100

Оваа анализа е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на документот е целосна одговорност на Коалиција „Сите за правично судење“ и не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# СОДРЖИНА


ВОВЕД .......... 1

МЕТОДОЛОГИЈА .......... 3

**ПРВ ДЕЛ:**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИ СОВЕТ ВО 2024 ГОДИНА**

ОПШТИ ПОДАТОЦИ .......... 6

ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ВО 2024 ГОДИНА .......... 7

Одржување на седници на Судскиот совет .......... 7

Дневниот ред за седници на Судскиот совет .......... 8

Присуство на седници на членовите на Советот и нивната вклученост во дискусиите .......... 8

Несоодветна комуникација помеѓу членовите на Советот за време на седниците .......... 10

Начин на одлучување и гласање на Судскиот совет .......... 11

Образложение на одлуки донесени од Судскиот совет .......... 12

ТРАНСПАРЕТНОСТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ .......... 13

Комуникациска стратегија согласно препораките на Оценската мисија .......... 14

ИЗБОР НА СУДИИ ВО ПОВИСОК СУД .......... 14

Избор на судии во Апелационен суд Скопје .......... 14

Избор на судии во Апелационен суд Штип и Апелационен суд Гостивар .......... 15

ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДСКИ СОВЕТ .......... 17

ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РСМ .......... 19

ПОСТАПКА ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ИМУНИТЕТОТ НА СУДИЈА ВО ВРХОВНИОТ СУД НА РСМ .......... 20

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ НА ОЦЕНСКАТА МИСИЈА .......... 22

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ .......... 24

**ВТОР ДЕЛ:**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО 2024 ГОДИНА**

ОПШТИ ПОДАТОЦИ .......... 28

СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ .......... 29

Динамика на одржување на седници и известување на јавноста .......... 29

Исполнување на услови одржување на седница .......... 31

Квалитет на диксусија ........................................................................................................ 32

ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ........................................................................................ 36

ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ .......................................................................................... 37

КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ - ИЏЕТ МЕМЕТИ.................................................................................................................. 38

РАСПУШТАЊЕ НА СУДСКИ СОВЕТ И СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ............................... 41

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ....................... 44

# ВОВЕД

Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ е формална мрежа на 12 граѓански организации формирана во 2003 година како организација со основна цел: да ги набљудува судските процеси во судовите во Република Северна Македонија и да даде свој придонес кон почитувањето на стандардите за фер и правично судење пред домашните судови, да ги идентификува проблемите и предизвиците во судскиот систем и да укаже на потребата за правна и институционална реформа, да ја запознае јавноста со стандардите за правично судење, да ги намали можностите за несоодветен третман на странките во спорот од страна на судиите и другите учесници во постапката и да ја зајакне јавната доверба во правниот систем и правосудството. Мисијата на Коалицијата е следење на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на дејствување во настојувањето да се зголеми нивото на имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

Коалицијата исто така, во последните 4 години редовно ги следи седниците на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и објавува годишни извештаи за нивната работа а воедно, подготвува и објавува јавни реакции доколку детектира поголеми пропусти во работењето на овие два совети. Овој извештај ќе ја даде целосната слика за работењето на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во Македонија за периодот октомври 2023 - септември 2024 година.

Во овој извештаен период, во поглед на работењето на Судскиот совет клучна беше пресудата на Управниот суд со која беше поништена одлуката за разрешувањето на претседателката на Судскиот совет. Врз основа на таа одлука, со Судскиот совет продолжи да претседава претходната претседателка. Но освен оваа ситуација, неизбежно е дека во овој период навистина постоеја и други настани кои се важни и заслужуваат внимание да бидат детално анализирани. Тука пред сè, би ја напомената постапката за утврдување на одговорност на претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија како и одземањето на имунитет на судија од Врховниот суд поради кривична постапка за примање награда за противзаконито влијание.

Неизбежен сегмент во овој извештаен период се препораките на Оценската мисија за работењето на Судскиот совет. Така, понатаму во овој извештај ќе биде разработено постапувањето на Судскиот совет при нивната имплементација, но и како истите влијаат кон унапредувањето на нивната работа. Во поглед на работењето на Советот на јавните обвинители, иситот извештај освен што ќе даде осврт на тековното работење на Советот исто така ќе опфати прашања како што се: изборот и унапредувањето на јавните обвинители, а особено важен аспект е и оставката на член на Советот за кој јавното обвинителство отвори кривична постапка за кривичното дело примање награда за противзаконито влијание. Па така, овој член на Советот поднесе оставка од функцијата откако склучи спогодба со јавното обвинителство за кривичното дело кое го има сторено.

Оттаму, овој извештај ќе ја даде реалната слика за тековното работење на двата совети, но и ќе се осврне на правни прашања и дилеми кои произлегоа во овој извештаен период. Исто така, освен што ќе бидат констатирани состојбите преку критички пристап за работењето на советите исто така ќе се дадат и препораки за како советите да ја унапредат својата работа во рамките на нивните надлежности и како да ги зајакнат своите капацитети.

Судскиот совет и Советот на јавните обвинители како тела во правосудниот систем на Република Македонија ја имаат клучната улога во заштитата во обезбедувањето на независноста, професионалноста и ефикасноста на судството и јавното обвинителство. Оттаму, овие две тела преку нивната работа во рамките на своите надлежности влијаат директно на перцепциите на јавноста за работата на судовите и јавните обвинителства како и на довербата на граѓаните во правосудниот систем.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Работењето на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија веќе неколку години во континуитет е предмет на мониторинг од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“. Во оваа насока, работа на овие исклучително важни тела во правосудството беше предмет на анализа и оваа година, па така во рамки на овој мониторинг извештај ќе биде даден осврт на нивниот перформанс во рамки на временски период од октомври 2023 година до септември 2024 година, што воедно преставува и извештаен период.

Како и секоја година претходно, работата на советите беше анализирана од аспект на примената и почитувањето на два основни принципи, односно принципот на транспарентност и принципот на ефикасност и ефективност во работењето.

Со цел успешна оцена на целокупната работа на Советот на јавните обвинители како и Судскиот совет, од страна на тимот на Коалиција „Сите за правично судење“ беше применета унифицирана и соодветно прилагодена за таа намена посебно креирана методологија. Со примената на оваа методологија, беа прибрани сите потребни податоци, неопходни за соодветна оцена на работата на двата совети.

Најголем дел од податоците беа обезбедени преку спроведен мониторинг на јавни седници на советите, при што за овој временски период мониторирани беа вкупно 39 седници на Судскиот совет и 20 седници на Советот на јавните обвинители, од страна на професионални набљудувачи на Коалицијата „Сите за правично судење“. Мониторингот на овие седници е спроведен со физичко присуство, при што за секоја мониторирана седница, од страна на набљудувачите е изготвен извештај кој ги опфаќа сите податоци кои што се прибираат согласно методологијата за прибирање на податоци на Коалицијата.

Покрај со мониторинг на јавни седници, добар дел од податоците се обезбедени и преку анализа на разни документи што се јавно достапни и објавени на нивните официјални веб страни, како што се извештаи, донесени одлуки, записници од одржани седници, соопштенија за јавноста и слично. Паралелно со овој процес и начин на прибирање на податоците, предмет на анализа беа секако и релевантните позитивни прописи, поточно законски и подзаконски акти, што директно се однесуваат и го регулираат, односно уредуваат работењето на овие два совети.

За крај, податоците што не се јавно достапни, беа обезбедени користејќи ја можноста за поднесување барање до релевантни институции, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во рамки на овој извештај ќе се детектираат одредени состојби, но и ќе се отворат прашања дали и колку навистина во практиката, советите успеваат да ја остварат својата исклучително важна функција во правосудниот систем.



# ПРВ ДЕЛ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИ СОВЕТ ВО 2024 ГОДИНА

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Судскиот совет на Република Северна Македонија несомнено и во текот на оваа година остана во фокусот на јавноста со неговото работење. Откако минатата година во април пред очите на јавноста се случуваше несоодветно постапување од страна на членовите на Советот, продолжи следењето на нивната работа од страна на експертската јавност, но и медиумите. Незаконското разрешување на претседателот на Судскиот совет минатата година резултираше со пресуда на Управниот суд кој одлучи дека Одлуката за разрешување на претседателот на Судскиот совет е незаконска и истата ја поништи. Па така, во јануари 2024 година, повторно на чело на Советот се врати претседателката Весна Дамева. Во овој извештаен период следуваа и препораките на Оценската мисија која беше испратена од страна на Европската Комисија поради сите овие настани во Советот. Овие препораки кои беа дадени од страна на Европската Комисија, треба да придонесат кон унапредување на состојбите и работата на Судскиот совет. Па така, Судскиот совет се заложи дека ќе преземе активности и чекори за нивна имплементација.

Во овој извештаен период Коалицијата следеше 39 седници на Судскиот совет, а останатиот дел од податоците кои се користени за подготовка на овој извештај се преземени од веб страната на Советот или пак се прибрани со барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во продолжение на овој извештај ќе се опфати работата на Судскиот совет во периодот од октомври 2023 година заклучно со септември 2024 година. Во рамки на извештајот, детално ќе бидат анализирани клучните сегменти во работата на Советот како што се принципот на транспарентност, ефикасност, ефективност и сл. Исто така, оваа година ќе биде посветено внимание и на прашања кои претходно низ годините не биле анализирани, а имаат исто така важност за ефикасно работење на Советот.

Во текот на овој извештаен период, од аспект на составот на Советот, избрани се три нови членови. Два нови членови се избрани поради истек на мандат на претходните, а третото место односно членот на Советот од редот на судиите во Врховниот суд се пополни со оглед дека претходниот член си даде оставка. Во јуни 2024 година, избрани се два членови на Советот од редот на судиите и тоа од општата листа на Врховниот суд на РСМ и од општата листа од апелационото подрачје Битола. Кога станува збор за изборниот процес за член на Советот од општата листа на Врховниот суд, симптоматично беше тоа што од два кандидати за оваа позиција, неколку дена пред изборите еден од кандидатите ја повлече својата кандидатура поради здравствени причини. За оваа ситуација, Судскиот совет закажа итна седница на која се констатираше повлекувањето на кандидатурата. Па така, за време на оваа дискусија, дел од членовите на Советот изразија сомнежи за можни влијанија врз кандидатот за член на Судски совет и беше потенцирана потребата од испитување на причините за оваа одлука. Ова особено бидејќи според нивните сознанија судијата оди редовно на работа во Врховниот суд и нема отворено боледување. Во однос на третиот член што е последно избран, истиот е избран во септември 2024 година како член на Советот од редот на судиите припадници на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија.

# ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ВО 2024 ГОДИНА

## Одржување на седници на Судскиот совет

Согласно Деловникот за работа на Судскиот совет, седниците кои се закажуваат се објавуваат на веб страната најмалку 7 дена пред нивното одржување. Оттаму, со оглед дека Коалицијата редовно ги следи седниците на Советот, го анализираше и ова прашање од аспект на навремено објавување на закажаните седници како јавноста би имала реална можност да присуствува на истите. Од 39 мониторирани седници на Советот, констатирано е дека за 19 седници Советот навремено објавил сопштение за истите, односно го испочитувал рокот од 7 дена. Додека пак, за 20 седници Советот не објавил навремено соопштение согласко рокот од Деловникот. Тука мора да се потенцира дека од овие 20 седници, 5 седници биле од итен карактер, така што во таа насока можеме да констатираме дека за 15 редовни седници, Советот не ја известил јавноста соодветно. Сумарно, овие податоци доколку се пресликаат како во графиконот подолу, можеме да забележиме дека само за половина од седниците на Советот е објавено навремено соопштение за јавноста. Во тој контекст, Судскиот совет во иднина потребно е да вложи напори за доследно почитување на овој рок.




Јавноста на седниците на Советот е загарантирана со Законот за Судскиот совет. Одредбите од овој Закон јавноста ја уредуваат како задолжителен принцип кој се применува и за кој има исклучителни ситуации во кои јавноста може да биде исклучена од седниците на Советот. Во овој извештаен период констатирано е дека најголем дел од седниците на Советот биле јавни на кои присуствувале преставници на граѓански организации, медиуми, но и граѓани. Присуството на граѓаните се однесува за точките од дневниот ред на кои се разгледуваат претставки и поплаки од граѓаните за работата на судиите и претседателите на судовите. Јавноста на седниците најчесто е исклучена кога станува збор за точки на дневниот ред кои се однесуваат на постапките за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд.

Постапките за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд се тајни, освен ако самиот судија изрично не побара од Советот да донесе одлука со која постапката која се води против него да биде јавна. Па така, со 2/3 мнозинство согласно Законот Советот секогаш ја исклучуваше јавноста кога беа во прашање овие постапки. Повреда на овој дел од постапувањето на Советот при исклучување на јавноста е детектирано на 487-та итна седница. Оваа седница беше од исклучително значење со оглед дека на истата се одлучуваше за

одземање на имунитет на судија од Врховниот суд поради сторено кривично дело. Со оглед дека ова е едно од поважните прашања во овој извештаен период, истото ќе биде посебно обработено.

## Дневниот ред за седници на Судскиот совет

Согласно Деловникот за работа, дневниот ред за седница на Судскиот совет го предлага претседателот на Советот. Член на Советот може да предложи измена на дневниот ред со усно образлагање на предлогот, а за ваквиот предлог Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на седницата со право на глас. Во овој извештаен период забележано е дека на 20 седници предлог дневниот ред не е изменет по предлог на друг член, односно истиот е усвоен само со предлог точките дадени од страна на претседателот на Советот. Додека на 19 седници, членовите на Советот предложиле дополнување или измена на дневниот ред за конкретната седница.




*Измени на дневен ред*

Во тој контекст, мора да напоменеме дека вклучувањето на членовите на Советот со измени и дополнувања на дневниот ред е особено важно бидејќи можеме да видиме дека постои заинтересираност од страна на членовите на Советот при креирање на дневниот ред за прашања кои се од надлежност на работата на Советот. Ваквото постапување потребно е да продолжи и понатаму со насока, предлог точките за дневниот ред да бидат за поконкретни и суштински прашања од делокругот на работа на Советот, а воедно ќе може да се следи иницијативноста на секој член поединечно во работата на Советот.

## Присуство на седници на членовите на Советот и нивната вклученост во дискусиите

Судскиот совет, согласно Законот работи на јавни седници на кои присуствуваат членовите на Советот. Согласно Деловникот, по закажување на седницата, генералниот секретар на Советот испраќа покана до членовите на Советот најмалку 7 дена пред одржување на седницата со сите потребни материјали за истата согласно предлог дневниот ред. Во процесот на следење на седниците на Судскиот совет, констатирано е дека министерот за правда како член по функција на Советот ниту еднаш нема присуствувано на седниците. Оваа практика на постапување е од изминатите години кога претходните министри за правда одлучија дека нема да присуствуваат седниците на Судскиот совет поради препораката на ГРЕКО за укинување на членството на министерот за правда по функција во рамки на ова тело.

Што се однесува пак до претседателот на Врховниот суд на РСМ, со оглед дека отворена беше полемика околу присуството на седниците, па дури беше иницирана и дисциплинска постапка за утврдување на одговорност мора да напоменеме дека на 28 седници во изминатиот период истиот отсуствувал. Претседателот на Врховниот суд за отсуствувата го известил Судскиот совет дека најчеста причина за отсуството е поради претходно закажани службени обврски. Дополнително, со оглед на фактот што 38% од седниците се закажани надвор од предвидениот рок, како и тоа што 13% од седниците биле итни разбирлив е податокот за отсуството од седниците.

Што се однесува пак до евиденцијата за отсуство и оправданост на истото за другите членови на Советот со право на глас, фрапира податокот дека само 1/3 од седниците се одржани во полн состав односно со присуство на сите членови на Советот кои имаат право на глас.




*Податоци за одржани седници*

Видно од графиконот, можеме да констатираме дека Судскиот совет треба да се заложи на седниците да биде во полн состав како би можело да се развие посеопфатна дискусија и да донесе релеватна и издржана одлука. Според податоците од мониторингот на следниот график може да се забележат податоците за отсуството на членовите на Советот поединечно.




*Отсуство од седници*

Според овие податоци, можеме да забележиме дека два члена од Советот имаат најголем број на отсуства од седниците што во процент тоа би значело дека на 30% од седниците не присуствувале. Ваквиот податок за отсуствувањето од седниците на Советот загрижува бидејќи

Советот како колективно тело треба да ги носи одлуките со мнозинство гласови од членовите на Советот, па во таа насока важна е и клучна улогата на секој член на Советот. Дополнително, следејќи ја праксата на постапување на членовите на Советот за иницирање на постапка за утврдување на одговорност на судии и претседатели на судови, легитимно е да се постави и прашањето за одговорност на членовите на Советот со оглед на големиот број на отсуства ако го имаме предвид основот од Законот дека истите ја занемаруваат и не ја извршуваат својата функција во работата на Советот. Што се однесува пак до оправданоста на отсуството на членовите на Советот, како најчести причини кои биле наведени за нивното отсуство биле здравствени причини или пак користење на годишен одмор, а во ретки ситуации станува збор за отсуство поради службени обврски.

Во однос на тоа, колку од членовите на Советот се вклучуваат во дискусија и истите со своите ставови можат да придонесат кон поквалитетна и поопширна дискусија за работите од надлежност на Советот, констатирано е дека еден дел од членовите се вклучуваат активно во дискусиите на седниците. Додека пак се забележува пасивност во вклучување во дискусија на одреден ден од членовите на Советот, па така имало ситуации кога на седница дел од членовите воопшто се немаат јавено за збор за точки од дневниот ред кои се од важност за работата на судовите. Во овој контекст би го потенцирале примерот од 500тата седница на која воошто немаше расправа за точката од дневен ред која се однесуваше на извештаите за работата на судовите во второто тромесечие на 2023 година.

Во таа насока мора да напоменеме дека вклученоста во дискусијата Коалицијата ја мереше исклучиво за точките од дневен ред кои се поврзани со суштински прашања како на пример извештаи за работата на Советите, расправа по претставки од страна на граѓаните за судии и претседатели на судови, одлуки за времено упатување на судии, утврдување број на судиски места и слично. Додека пак, точките кои се повеќе аспект на редовно работење како усвојување на записници од седници, утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија, одлучување по барање за патни трошоци и слично не беа земени предвид. Она што е забележано, во поглед на дискусијата и вклученоста на членовите на Советот во истата е тоа што кога се расправа за одредена претставка на која седница присуствува и подносителот на истата, членовите на Советот многу повеќе се вклучуваат во дискусија, а воедно и самата претставка е реферирана подетално за разлика од останатите.

## Несоодветна комуникација помеѓу членовите на Советот за време на седниците

Судскиот совет, во изминатата година по сите скандалозни случувања кои ги имаше, постојано беше предмет за следење од страна на граѓанскиот сектор и медиумите. За жал, во текот на седниците често се забележуваше конфликти и несоодветно однесување помеѓу членовите на Советот. Ваквото однесување на дел од членовите на Советот е нотирано и во овој период на анализа. Па така, во 14 ситуации е забележано нетрпеливост и непрофесионален однос помеѓу дел од членовите на Советот. Ваквиот начин на однесување најчесто се забележува помеѓу еден член на Советот со останатите членови. Па така, нотирано е недостаток на толеранција и трпение, упад во збор на членовите на Советот, повишување тон и упатување на меѓусебни навреди.

Во таа насока мора да заключиме дека се забележува нетрпеливост помеѓу дел од членовите на Советот, а воедно и професионалното однесување на дел од членовите на Советот е на многу ниско ниво. Ваквиот однос кои го имаат членовите на Советот може да влијае на перцепцијата на граѓаните за капацитетите на членовите на Советот и нивната

професионалност и посветеност да одговорат на висина на задачата која ја имаат согласно законските надлежности.Оттаму, многу е важно членовите на Советот во иднина да внимаваат повеќе на нивното однесување како би се подобрил угледот на Советот, а воедно и би оставиле впечаток дека се професионални лица со интегритет кои можат соодветно да одговорите на задачите за функцијата на која се избрани.

## Начин на одлучување и гласање на Судскиот совет

Советот како колективно тело, одлуките ги носи јавно на седница со поединечно гласање на членовите за прашањата од нивна надлежност. Членовите на Советот може да го дадат својот глас ЗА или ПРОТИВ и не смеат да гласаат ВОЗДРЖАНО. Овој начин на гласање се препорачува да се спроведува и во Советот на јавните обвинители, со оглед дека таму членовите на Советот имаат право да гласаат и ВОЗДРЖАНО. Согласно подзаконските акти на Советот, гласањето за секоја одлука поединечно се спроведува преку електронскиот систем за гласање, а резултатите од гласањето се прикажуваат веднаш на екран во салата. Како и претходно, така и оваа година во циклусот на мониторинг нотирано е дека јавноста може да види само сумарни резултати од гласовите ЗА и ПРОТИВ, но не и поединечно кој член како гласал по однос на одредено прашање. За ова прашање, Советот на една од одржаните седници имаше донесено заклучок дека при објава на записниците од одржаните седници на веб страната како прилог на истите ќе ги објавува и листинзите од гласањето на членовите на Советот.

За жал, мора да констатираме дека овој заклучок што Судскиот совет сам го иницираше и усвои воопшто не се применува во практиката на работењето на Советот. Имено, во записниците кои се објавени на веб страната на Советот, на крајот од истите можеме да забележиме дека стои напомена која вели: Тонскиот запис и листингот од гласање, се составен дел од записникот. Коалицијата за ова прашање, преку правото до слободен пристап до информации од јавен карактер ги побара од Судскиот совет листинзите за гласање за седницата одржана на 15 ноември 2023 година на која се вршеше избор на судии во повисок суд, односно Апелационен суд Скопје. Најпрво, ова барање беше одбиено како неосновано од страна на Судскиот совет со образложение дека потребно е да се заштитат личните податоци на членовите на Советот и нивната приватност. По однос на ова решение на Советот, Коалицијата поднесе жалба до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата, ја усвои жалбата и даде напатствија на Советот дека не станува збор за заштита на лични податоци со оглед дека членовите на Советот вршат јавна функција, а воедно и истите се објавени на веб страната на Советот. Судскиот совет по оваа одлука на Агенцијата, донесе решение со кое се усвои барањето на Коалицијата и ги достави листинзите за гласањето на членовите на Советот со податоци за секој член како гласал поединечно. Во иднина, за овој аспект на транспаретноста Советот треба да преземе итни чекори за нејзино унапредување. Воедно, во месец февруари, 2024 година, на 477-та седница Советот донесе одлука усвојување на планот за јавни набавки со кој ќе се обезбеди софтвер за снимање и гласање на седниците.

На оваа тема, освен електронскиот начин на гласање, Деловникот предвидува и друга алтернатива односно гласање со кревање на рака од членовите на Советот. Одредбите од Деловникот предвидуваат дека на предлог на член на Советот, се гласа поединечно со кревање на рака, доколку членот се посомнева во резултатите од гласањето преку електронскиот систем. Па така, во овој извештаен период забележано е дека во 4 случаи е предложено од страна на членовите на Советот да се промени начинот на гласање со кревање на рака поради сомнеж во резултатите од гласањето. Во 2 од овие случаи, членот на Советот кога побарал да се промени начинот на гласање, нема наведено и образложено причини поради кои што се

јавува сомнежот. Додека пак во 2 случаи како образложение е наведено дека од дискусијата која ја имале членовите може да се заклучи кој како би гласал, па затоа последователно во резултатите од гласањето се јавува сомнеж. Во поглед на тоа за кои точки од дневниот ред настанала промената на гласањето ќе се осврнеме во понатамошниот текст на овој извештај. Важниот аспект кој заслужува внимание во овој дел е тоа што во сите 4 ситуации се евидентирани промени во резултатите од гласањето, а ниту еднаш не е дадено образложение за тоа. Ваквото постапување на членовите на Судскиот совет загрижува со оглед дека сомнежите кои ги имаат во резултатите од гласањето во сите 4 ситуации се оправдани со оглед дека имаме промени во резултатите, но отсуствува елементот на добро образложен предлог за тоа промена на начинот на гласање и зошто имаме разлика во резултатите од гласањето.

Што се однесува пак до прашањата односно точките на дневен ред кои побудиле сомнежи на членовите на Советот, констатирано е дека една од точките се однесува на извештај на Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии на Врховен суд на РСМ. Откако бил рефериран извештајот на комисијата, отворена е дискусија по однос на спорните пријави на дел од кандидатите. Па така, за една спорна пријава околу потврдата за судискиот стаж, Судскиот совет најпрво преку електронско гласање со 6 гласа ЗА и 5 ПРОТИВ ја одби кандидатурата на судијата како неоснована, додека пак по изразените сомнежи за резултатите, со кревање рака беше донесена одлука со 7 гласа ЗА и 4 ПРОТИВ, односно сепак на крај одлуката не беше променета.

Второто прашање за кое беше променет начинот на гласање е за преиспитување на заклучоците донесени од Судскиот совет за мирување на дисциплински постапки и изборот на судии за време на парламентарните и претседателските избори.Откако заврши дискусијата по однос на ова заклучоци, особено дека истите веќе еднаш се донесени од Судскиот совет на седница каде сите гласале, се пристапи кон гласање за предлогот овие заклучоци да се стават вон сила. Преку електронското гласање Советот со 3 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ не го усвои предлогот, додека пак резултатите од алтернативното гласање беа 4 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ. По овие резултати, следната ситуација се однесува на тоа дека беше поставен предлог за измена на овие заклучоци, по што резултатите од електронското гласање беа 5 ЗА и 5 ПРОТИВ, а по прегласувањето резултатите беа 6 ЗА и 4 ПРОТИВ.

Третата точка која предизвика сомнеж во носењето на одлуката е разгледување на можноста за спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет. Судскиот совет имаше потреба да склучи договор со сертифициран субјект за спроведување на овие тестови во постапките за унапредување на судиите. По дискусијата Советот по електронски пат со 9 гласа ЗА и 2 ПРОТИВ донесе одлука за склучување на договор, додека пат резултатот од гласањето со кревање на рака беше 10 гласа ЗА и 1 ПРОТИВ.

## Образложение на одлуки донесени од Судскиот совет

Судскиот совет во изминатите години многу често е критикуван за образложеноста на одлуките кои ги носи. Ваквиот тренд на постапување за жал продолжува и понатаму во работењето на Советот. Па така, најчесто при носење на одлуки и образложување на гласот на секој член поединечно се забележуваат образложенија кои се стереотипни, повторувачки и апстрактни, односно не преовладуваат јасни и конкретни аргументи. Ова особено е забележано при изборот на судиите во кои случаи не се забележани индивидуализирани аргументи за секој кандидат поединечно туку се користат истите образложенија за сите кандидати од страна на членовите на Советот. Советот направи измени и дополнувања на Деловникот за работа во поглед на задолжително образложување на гласот без разлика дали е ЗА или ПРОТИВ.

За жал, пред да бидат направени овие измени на Деловникот не може, а да не констатираме дека Судскиот совет не ги толкуваше законските и подзаконските акти во духот на транспаретното работење, па истите го образлагаа само гласа ЗА кандидатот кој го добил потребното мнозинство, но не беше образложен гласот ПРОТИВ тој кандидат ниту пак беше образложена одлуката за кандидатите кои не беа избрани, односно немаа добиено мнозинство гласови. Со ваквото постапување може да се забележи формалноста на постапување на Судскиот совет и немањето волја за промена на практиката на постапување во насока на потранспарентно работење. На крајот, мора да напоменеме дека транспаретното работење не значи само редовно објавување на соопштенија за работата на Советот, туку потребно е преку образложенијата на одлуките Советот да ги убеди граѓаните дека навистина донеле правилна одлука која е детално образложена со објективни стандарди. Во поглед на тоа колку често се забележани јасни, релеватни и конкретни аргументи, можеме да констатираме дека многу ретко се среќаваат во практиката, а особено она што е важно да се потенцира во овој дел е тоа дека овие аргументи се забележуваат исклучиво од страна на новите членови на Советот кои се избрани во последните 2 години. Оттаму, со ова може да заклучиме дека новите членови на Советот покажуваат особена ангажираност и посветеност во работата на Судскиот совет.

# ТРАНСПАРЕТНОСТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

Транспарентното работење на институциите е важен сегмент и принцип кој треба дословно да се применува како граѓаните би биле информирани за нивното работење, а воедно и јавните функционери ќе чувствуваат и поголема одговорност кон позицијата за која се избрани. Транспарентноста како принцип не значи дека истиот треба да се применува про форма, туку истиот треба да биде спроведен соодветно и реално со цел општата јавност да би имала ефикасен и навремен пристап до податоците. Транспаретното и отчетно работење на Судскиот совет беше опфатено и во извештајот на Оценската мисија во кој беа содржани препораки за зголемување и унапредување на транспарентното работење на Советот.

Од мониторингот на работењето на Судскиот совет, можеме да забележиме тренд на зголемување на отчетноста и транспарентноста на Советот во поглед на известувањата кои се објавени за нивната работа. Тоа пред сѐ може да се забележи од емитувањето на седниците во живо на интернет канал. Со тоа се овозможи освен стручната јавност и медиумите да можат и граѓаните редовно да ги следат седниците на Советот. Овој начин за заложба за јавност на седниците, Коалицијата во неколку наврати го има препорачано да се применува и во Советот на јавните обвинители како би можеле истите да ја унапредат својата транспаретност.

Што се однесува пак до комуникацијата со јавноста, забележано е дека Советот продолжува редовно да објавува сооштенија за одржување на седниците како и соопштенија откако ќе завршат седниците. За разлика од претходно, кога соопштенијата за седниците беа податоци кои не ја прикажуваа целосната слика за тоа што Советот работел на една седница, сега соопштенијата содржат информации од кои може да се види работењето на Советот и одлуките кои се донесени. Во насока на објава на содржини на веб страната на Советот, до сега е забележано и редовно објавување на соопштенија и вести за сите официјални средби и состаноци кои се одржани со амбасадори, правни експерти, други инстититуции и слично. Оттаму, овие заложби на Судскиот совет се за поздравување кои понатаму треба да се применуваат во континуитет со можност за нивно унапредување.

Меѓутоа сепак постојат некои предизвици кои Советот во иднина треба да ги надмине. Пред сѐ, во поглед на јавноста мора да се напомене тоа што во изминатиот период е констатирано отсуство на портпарол на Судскиот совет и лице назначено за односи со јавноста.

На крајот, по однос на овој принцип важно е да се напомене дека транспаретноста не значи само редовна објава на известувања за работата на Советот, туку транспаретноста пред сè се цени од аспект на образложенијата на одлуките што ги носи Советот, односно колку за истите преовладуваат издржани и поткрепени аргументи кои ќе ја уверат јавноста дека навистина е донесена правилна одлука.

## Комуникациска стратегија согласно препораките на Оценската мисија

По препораките на Оценската мисија, Советот подготви комуникациска стратегија.[1] Оваа комуникациска стратегија беше подготвена во инклузивен процес на работилница на која учествуваа членовите на Советот, претставници од судовите, претставници од граѓанскиот сектор, судско медиумскиот совет и новинари. Откако Стратегијата беше изготвена од страна на Судскиот совет во соработка со експерти од проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото, во јуни 2024 година, на седница истата беше усвоена. Оваа комуникациска стратегија освен Судскиот совет, ги опфаќа и судовите и нивното транспарентно работење. Стратегијата предвидува низа на активности и мерки кои ќе помогнат кон зголемено транспаретно работење на Советот и институциите, но исто така ќе треба да послужи и за јакнење на довербата на граѓаните во судството. Оваа стратегија е донесена за периодот 2024-2028 година, а истата е усогласена со сите национални развојни политики како што се Развојната секторска стратегија за правосудството во Северна Македонија (2024-2028), Националниот акциски план за партнерство за отворена власт 2024-2026, Стратегијата за ИКТ во правосудството за 2019 – 2024 година, Стратегијата за човечки ресурси за судската мрежа од 2020 година и Декларацијата за отворено судство од 2022 година. Исто така, оваа стратегија е усогласена и со европските стандарди утврдени од страна на Советот на Европа како и други меѓународните документи релевантни за оваа тема. Во рамки на Стратегијата разработен е и акциски план со мерки и активности систематизиран согласно целите. Овој акциски план го спроведуваат Судскиот совет и судовите согласно нивната поставеност и надлежности. Од тој аспект, со оглед дека оваа стратегија е донесена пред 3 месеци, Коалицијата текот на нејзината имплементација ќе ја следи во наредниот период.

# ИЗБОР НА СУДИИ ВО ПОВИСОК СУД

Во перидот на работа на Судскиот совет кој подлежи на оваа анализа Судскиот совет одлучуваше за избор на судии во повисок суд во три наврати. Првиот избор на судии во повисок суд се однесуваше на Апелациониот суд Скопје. Во тој процес Судскиот совет донесе одлука за избор на 4 судии од граѓанската област и 4 судии од кривичната област. Во однос на другите апелациони судови, Судскиот совет донесе одлука за избор на 2 судии во Апелациониот суд Штип и 1 судија во Апелациониот суд Гостивар. Овие избори, подетално ќе бидат разработени во овој извештај.

## Избор на судии во Апелационен суд Скопје

Огласот за кандидати за судии во Апелационен суд Скопје беше објавен по одлуката на Судскиот совет во јули, 2021 година. Постапката за овој оглас траеше повеќе од 2 години, односно Советот одлучуваше за избор на судии на 464-тата седница одржана на 15 ноември 2023 година. Со оглед дека конечните ранг-листите со бодовите за кандидатите не се достапни

[1] Линк до комуникациската стратегија на Судскиот совет https://shorter.me/NYDH6

јавно на веб страната на Советот, во недостаток на информации за жал мора да констатираме дека нема јавен податок колку судии се кандидирале за судии во Апелациониот суд Скопје. Исто така, нешто што мора да се потенцира од оваа седница е тоа што еден од членовите на Советот истакна на седницата дека мора дословно да се почитува Законот и Деловникот, па гласовите против да не се образложуваат. Ваквите ставови на членовите на Советот и те како влијаат на нетранспарентното однесување на Советот особено за вакви важни прашања за кои во јавноста секогаш постои сомнеж за политички или други влијанија при унапредувањето на судиите.

На јавната седница која што беше следена од граѓанскиот сектор и медиумите, најпрво се пристапи кон избор на судии од граѓанската област. При утврдената ранг-листа, Советот донесе одлука да бидат избрани второ, трето, четврто и шесторангираниот судија од конечната ранг-листа. Во однос на судиите од кривичната област, беа избрани второ, шесто, единаесетиот и тринаесетиот рангиран кандидат. И овој пат Советот повторно не даде образложение зошто се отстапува од конечната ранг-листа и прворангираниот кандидат не е избран во двете ситуации. Што се однесува до останатите кандидати кои беа избрани, а за кои членовите на Советот се законски обврзани да го образложат својот глас констатирано е дека повторно се изнесуваат генерички и апстрактни образложенија на гласовите. Дел од образложенијата кои беа дадени од страна на членовите на Советот беа дека станува збор за солиден судија, судија со интегритет, како и тоа дека имаат добри резултати, а дел од нив наведоа дека гласале согласно ранг листата. Но, она што е забележано при овој избор на судии во повисок суд е тоа што дел од членовите на Советот иако наведоа дека го дале гласот ЗА, сепак не дадоа образложение зошто гласале за конкретниот кандидат, а дел од нив упатија само честитки за изборот. Ваквото постапување на членовите на Советот е спротивно на Законот за Судски совет бидејќи истиот ги обврзува да го образложат својот глас. Па така, Судскиот совет во иднина ќе мора да посвети многу повеќе внимание при изборот на судии, а членовите на Советот да дадат јасни и аргументирани образложенија за нивниот глас при носењето на одлуките. Во спротивно, во јавноста ќе преовладува сомнежот за политички и други влијанија врз Советот при унапредување на судиите во повисок суд.

## Избор на судии во Апелационен суд Штип и Апелационен суд Гостивар

Најпрво, за изборот на судии во Апелациониот суд Штип, не може, а да не остане забележано закажувањето на оваа седница на Судскиот совет. Имено, Судскиот совет закажа итна седница на 13 февруари 2024 година за избор на судии во овој суд со образложение дека од наредниот ден започнуваат изборните процеси за парламентарни и претседателски избори. Но, во контекст на ефикасно работење на Судскиот совет, мора да напоменеме дека огласот за избор на судии во Апелациониот суд Штип беше објавен во април 2023 година. Па така, после 10 месеци постапка, Судскиот совет требало навремено и ажурно да ја спроведе постапката во најбрз можен рок со оглед на фактот што изборите во државата однапред беа најавени. Во тој контекст, итните седници на Советот се закажуваат за итни и неодложни прашања кои се од нивна надлежност, што во конкретниот случај не би можело да се констатира дека оваа точка е од итен карактер. Што се однесува пак до начинот на избор на кандидатите, и при овој избор забележано е отстапување на ранг листата, односно прворангираниот кандидат од кривичната област не е избран и избран е второрангираниот. Додека пак во граѓанската област е избран прворангираниот кандидат. Меѓутоа, и во овој избор повторно се среќаваат апстрактни и повторувачки образложенија на гласовите при изборот на судиите. Целата дискусија во поглед на изборот на судии во овој суд се одвиваше во насока на претходното познанство со кандидатите, како и осврт на нивната биографија и кариерен развој. Воедно, дел од

образложенијата, односно коментарите на членовите на Советот беа во насока на честитање на изборот со надеж дека ќе ја оправда довербата на Советот.

Во однос на изборот на судија во Апелациониот суд Гостивар, Советот го избра прворангираниот кандидат, а образложенијата повторно беа апстрактни и генерички. Аргументите кои преовладуваа во однос на овој избор е тоа дека кандидатот ја има завршено Академијата за судии и јавни обвинители, прв е на ранг листата како и тоа дека станува збор за искусен и квалитетен судија. Оттаму, може да зебележиме дека и во ситуации кога Советот ја почитува ранг листата на кандидатите сепак не дава индивидуализирани образложенија на одлуките.

# ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДСКИ СОВЕТ

Во Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија кој е донесен во 2019 година, не е законски регулирана постапката за разрешување на претседателот на Судскиот совет како и основите за негова одговорност. Оттаму, по последните случувања во април 2023 година откако беше разрешена претседателката на Судскиот совет на РСМ поради изгласана недоверба од страна на членовите на Советот, следуваа низа пропусти и сериозни отстапувања и прекршувања на законите од страна на Судскиот совет.[2] По однос на одлуката на Судскиот совет за разрешувањето, претседателката на Судскиот совет која беше разрешена поднесе тужба до Управниот суд за оспорување на законитоста на одлуката. Одлуката беше оспорувана од аспект на погрешна примена на материјалното право и поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, со предлог оспорената одлука да се поништи. Имено, согласно Законот за управните спорови[3] тужбата од страна на тужителката е поднесена за судот да може да одлучува за законитоста на конечните поединечни акти со кои се одлучува за избор, именување и разрешување на носители на јавни функции. Воедно, согласно Законот, судот одлучува и за законитоста на поединечните акти на јавните органи со кои е повредено некое право, обврска или правен интерес, а за кое не е обезбедена правна заштита. Во поглед на постапувањето на Управниот суд за ова правно прашање, важно е да се напомене дека тужбата за поведување на управен спор е поднесена во мај 2023 година, а Управниот суд донесе одлука во декември 2023 година односно по поминати скоро 7 месеци. Кога станува збор за начелото за ефикасност во управните спорови, Законот предвидува дека судот треба постапката да ја спроведе брзо и да донесе одлука во разумен рок најдоцна во рок од 9 месеци од денот на доставување на списите или создавање на услови за одлучување по тужбата. За жал, во овој конкретен случај кој беше од високи јавен интерес, можеме да констатираме дека Управниот суд не беше на соодветно ниво за да ја заврши оваа задача. Целокупната јавност, како стручната така и општата јавност беше во исчекување 7 месеци за оваа одлука за која Управниот суд направи исчекор во праворараздавањето со нејзиното донесување. Неспорен е фактот дека судовите во нашата држава се соочуваат со тешки предизвици поради недостаток на човечки ресурси и намален број на судии, меѓутоа, овие судски предмети кои се клучни за правосудниот систем во нашата држава, треба да бидат приоритетни и да се постапува итно со оглед на тежината која што ја имаат. Во таа насока, Управниот суд донесе одлука[4] со која тужбата на тужителот ја уважи и одлуката за разрешување на претседателот на Судскиот совет ја поништи. Судскиот совет откако ја прими одлуката на Управниот суд, закажа итна седница на 03.01.2024 година. На оваа седница тогашниот претседател на Судскиот совет даде оставка и Советот констатираше престанок на мандатот по сопствено барање. Понатаму, седницата продолжи со друга точка на дневниот ред која беше за постапувањето на Судскиот совет по одлуката на Управниот суд. Судскиот совет констатираше на седница дека одлуката за резрешување на претседателот на Судскиот совет е поништена, па на чело на Советот како претседател повторно е членот на Советот, Весна Дамева. Во оваа ситуација неизбежно е, а да не се напомене прашањето околу оставката на тогашниот претседател на Судскиот совет. Со оглед дека Управниот суд ја поништи одлуката на Судскиот совет, тоа значи дека со таа пресуда се прават ништовни сите дела засновани врз основа на ништовниот акт, во овој случај одлуката за избор на нов претседател на Судскиот совет. Кога судот ќе го поништи актот против

[2] https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2023/11/29-JR-ISnSS-042023.pdf
[3] Службен весник на РСМ бр. 96/2019 од 17.05.2019 година
[4] Одлуката на Управниот суд е заведена под број У5 бр.618/2023 и истата е достапна на sud.mk

кој бил поведен управниот спор, предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред донесувањето на поништениот акт. Ако според природата на управната работа која била предмет на спорот треба наместо поништениот управен акт да се донесе друг, надлежниот орган ќе биде должен да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од доставувањето ка пресудата. Надлежниот орган притоа е врзан за правното сфаќање на судот, како и за забелешките на судот во однос на постапката. Од изнесеното се гледа дека, кога со пресуда е поништен актот, предметот треба да се врати во состојба во која се наоѓал пред поништениот акт да биде донесен. Тоа практично значи дека целиот предмет се враќа на почетокот, а поништениот акт како да не бил ниту донесен.[5] Па така, останува дилемата за постапувањето на Судскиот совет понатаму, како би ја применил одлуката на Управниот суд доколку не беше поднесена оставка од страна на тогашниот претседател на Советот.

Имено, со одлуката на Управниот суд, се потврдија сите оние забелешки и правни анализи[6] кои беа изготвени од страна на граѓанскиот сектор и универзитетски професори по однос на незаконското постапување на Судскиот совет. Одлуката на Управниот суд само потврди дека станува збор за нелегитимно тело со која се докажува дека членовите на Судскиот совет имале донесено незаконска одлука и постапувале спротивно на законот во текот на нивниот мандат, па оттука дефинитивно е изгубен и легитимитетот и интегритетот на членовите по однос на нивната работа. Овие случувања кои ги имавме во Судскиот совет и кои наидоа на голем број на критики од стручната јавност во нашата држава придонесоа кон тоа од страна на Европската Комисија да биде назначен експертски тим составен од правни експерти со мандат да спроведат оценска мисија на Судскиот совет на Република Северна Македонија. По завршувањето на посетата од страна на експертскиот тим подготвен е извештај со низа на препораки кои Судскиот совет на РСМ, но и останатите релеватни институции потребно е да ги спроведат за надминување на детектираните состојби. Важно е да се напомене дека, освен што долго време укажуваа граѓанскиот сектор и правните експерти за лошите состојби во правосудството и тоа дека ваквото постапување е само уназадување на патот кон ЕУ, исто така во извештајот на Европската комисија за напредокот на Северна Македонија за 2023 година беше констатирано дека не е постигнат напредок во областа на судството. Во извештајот на ЕК се посочува дека контроверзното разрешување на претседателот на Судскиот совет предизвика загриженост за несоодветно политичко влијание, оттаму препораките во извештајот се во насока ревидирање законодавната рамка и целокупното функционирање на Судскиот совет за да се зајакне неговата транспарентност и независност.[7]

Во насока на регулирање на ова прашање, потребно е да се направат измени на Законот за Судскиот совет на РСМ со кои јасно би биле дефинирани одредбите за одговорност на претседателот на Судскиот совет. Со оглед дека Коалиција „Сите за правично судење“ е дел од работната група при Министерството за правда за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на РСМ, при разгледување на ова прашање, предвидени се измени на законот со кои постапка за разрешување на претседателот на Судскиот совет може да биде поведена по образложено барање од најмалку два члена на Советот со право на глас, а постапката за разрешување на претседателот, односно на заменик претседателот е јавна и јавноста не може да биде исклучена во ниеден случај. Останува понатаму, дали Собранието на РСМ ќе ги прифати предлог измените и дополнувањата на работната група и ќе донесе закон со кои ќе се регулираат овие прашања.

---

[5] Административно право (втора книга), Б.Давитковски, А.П.Данева, Скопје, 2020 година, 104 страница

[6] Јавна реакција на Блупринт групата за реформи во правосудството - https://rb.gy/bzzzxa

[7] Извештајот на ЕК за 2023 година е достапен на следниот линк: https://rb.gy/5g22z9

# ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РСМ

Во Законот за Судскиот совет на РСМ предвидена е одговорност за член на Советот меѓу другото и за тоа доколку ја занемарува или не ја извршува својата функција во работата на Советот. Првата ваква постапка која што е иницирана во овој актуелен состав на Судскиот совет е за претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Според поднесителот на барањето за утврдување на одговорност основите за поведување на оваа постапка се однесуваат на неоправдано отсуство на претседателот на Врховниот суд од седниците на Советот. Во барањето за утврдување на одговорност на претседателот на Врховниот суд беше наведено дека потребно е да се утврди одговорност бидејќи како член по функција во Судскиот совет не присуствувал на седниците на Судскиот совет и со тоа оневозможил активно превземање на мерки и активности во рамките на работата на Судскиот совет. Ова барање беше поднесено откако претседателката на Врховниот суд на РСМ во интервју[8] за еден портал јавно ги осуди политичките притисоци врз неа и врз институцијата што ја води, особено по барањето за враќање на аболицијата од поранешниот претседател Ѓорге Иванов од 2016 година. Оттаму, откако претседателот на Судскиот совет ја повика на состанок по однос на ова прашање, а тој состанок не се одржа поради службени обврски на претседателката на Врховниот суд започна постапката за утврдување на одговорност. Од страна на претседателката на Врховниот суд на РСМ беше поднесено барање за јавност на постапката согласно чл.61 ст.3 од Законот за Судскиот совет на РСМ. Во таа насока, комисијата на известители составена од 3 членови на Судскиот совет закажа јавна расправа на 29 декември 2023 година. На јавната расправа се произнесоа двете страни, односно подносителот на барањето и претседателот на Врховниот суд по што беа изведени и доказите предложени од двете страни.

Согласно законот, комисијата на известители по одржување на јавната расправа потребно е да изготви извештај за констатирана состојба кој заедно со сите списи на предметот го доставува до сите членови на Судскиот совет. Оттаму, откако беше изготвен овој извештај на седница на Советот закажана на 17.01.2024 година расправаше по однос на извештајот и по целосната дискусија Советот донесе одлука со 7 гласа ЗА постапката да се запре. За ова правно прашање, дилеми и правни полемики се појавија за поднесеното барање за утврдување на одговорност. Клучното прашање кое беше предмет на анализа е тоа како може да се бара одговорност на претседател на Врховен суд за неговата работа во својство на член на Судски совет. Согласно законот, претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија е член на Судскиот совет по функција без право на глас, кој ги има истите права и обврски како и членовите на Советот со право на глас.

Меѓутоа, треба да се има предвид дека надлежноста и обврските на претседателот на Врховниот суд се утврдени во Законот за судовите. Оттаму, основите за разрешување на претседател на суд, меѓудругите се и: пречекорување и повреда на законски овластувања,- незаконско и ненаменско располагање со финансиските средства на судот, влијаење врз независноста на судиите во врска со одлучувањето по одделни предмети, неприменување на одредбите во врска со управувањето и распределбата на судските предмети, повреда на одредбите за донесување и измена на Годишниот распоред на судии и друго. Па така, толкувајќи го Законот, претседателот на Врховниот суд може да биде повикан на одговорност

[8] Линк до интервјуто: https://shorter.me/AgltH

само за надлежностите и обврските кои ги има согласно Законот за судовите, но не и како член на Советот при вршење на оваа функција.

Друг аспект кој што заслужува внимание во врска со оваа дисциплинска постапка а е поврзано со постапувањето на Судскиот совет е тоа што на јавната седница одржана на 17.01.2024 година, од еден член на Советот беше истакнато дека членовите на Советот на одржан колегиум разговарале за поднесување на барање за утврдување на одговорност на претседателката на Врховниот суд и истите биле согласни дека потребно е да се утврди одговорност. Овој начин на постапување на Судскиот совет што е навистина загрижувачки остава впечатокот дека зад затворени врати Судскиот совет ги носи одлуките кои потоа само на седница може да бидат формално донесени. Целта на работните состаноци на членовите на Советот односно колегиумите е истите да се одржуваат во насока на менаџирање на процесите или за технички прашања поврзани со работата на Советот, меѓутоа во ниту еден случај не смее да има колегиуми на кои членовите на Советот ќе дискутираат прашања кои согласно Законот треба да ги дискутираат на јавна седница. Впрочем, согласно Законот, Судскиот совет работи на седници. Ваквите произнесувања на членовите на Советот на седниците дополнително може да влијае врз перцепцијата на јавноста за начинот на работење на Советот, можноста за политички влијанија особено во период кога правосудството ужива низок степен на доверба.

Друг аспект кој што заслужува внимание, а е од исклучително значење за довербата во работата на Судскиот совет е начинот на постапување на Советот во ситуација кога има сознанија за политички притисоци врз судството. Согласно Уставот и законите, Судскиот совет има надлежност да ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Па така, неизбежно е, а да не се забележи дека Судскиот совет очигледно е дека нема стратегија и план како да се справи со политичките притисоци врз судството. Ова особено е видно од последните случувања кои ги имавме во минатото. Најпрво го имавме случајот со претседателката на Судскиот совет г-ѓа Павлина Црвенковска која си даде оставка од функцијата поради влијанија од судско-бизнис елити. Овој случај остана без разрешница исто како и случајот со сомнежите за политички влијанија при разрешувањето на Весна Дамева во април 2023 година. Оттаму, според надлежноста на Судскиот совет, важно е во иднина овие сомнежи за политички влијанија доколку се случат и понатаму соодветно и сериозно да бидат разгледани од страна на Судскиот совет со план за тоа како истите да се надминат.

## ПОСТАПКА ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ИМУНИТЕТОТ НА СУДИЈА ВО ВРХОВНИОТ СУД НА РСМ

Во мај 2023 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) отвори истрага за кривичното дело Примање награда за противзаконито влијание по член 359 од Кривичниот Законик против еден судија од Врховниот суд на Република Северна Македонија. Според соопштението[9] на ОЈОГОКК првоосомничениот користејќи ја својата службена положба и претпоставено влијание лажно ветувал погодности за обвинет (татко на пријавителот) во друга постапка што се води пред ОЈОГОКК, и лажно прикажале дека ќе извршат влијание заедно со второосомничениот. Воедно, второосомничен во овој предмет е член на Советот на јавните обвинители на РСМ. Со оглед дека судијата е фатен in flagranti (затечен во време на сторување на кривичното дело) , од страна на предметниот јавен

[9] Линк до соопштението на јавното обвинителство https://rb.gy/1wmzjq

обвинител е поднесен предлза определување на мерка притвор. Со оглед на фактот што ретко се појавуваат вакви случаи на одземање на имунитет на судија и одобрување на притвор пред Судскиот совет, се отворија многу правни прашања и дилеми околу законската рамка на оваа проблематика и начинот на кој треба да постапува Судскиот совет во ваквите ситуации. Во тој контекст, Коалицијата изготви документ[10] во кој даде препораки за унапредување на постапувањето на Судскиот совет и судовите во ситуации кога станува збор за истрага отворена од јавното обвинителство против одреден судија.

Согласно Законот, Судскиот совет е надлежен да одлучува за одземање на имунитет на судија и по барање за одобрување на притвор на судија. Па така, откако предлогот за определување на мерка притвор беше доставен до Основниот кривичен суд Скопје истиот беше доставен до Судскиот совет на одлучување. Судскиот совет, на 21.05.2024 година закажа итна седница на полноќ, за која Коалиција „Сите за правично судење“ реагираше за несоодветното закажување на итни седници на Судскиот совет низ призма на транспаретно и отчетно работење. Имено, закажувањето на итни седници од страна на Судскиот совет, особено во ноќните часови директно влијае на правото на јавноста навремено да биде информирана за одржување на седниците на Судскиот совет. Во документот кој што е објавен од страна на Коалицијата за оваа седница, конкретно е наведено дека Судскиот совет не ги примени доследно одредбите од Законот за основот за исклучување на јавноста. Во една од пресудите на Европскиот суд за човекови права, Судот има заземено став дека начелото на јавност е испочитувано доколку јавноста може да добие информации за датумот и местото за одржување на истото и ако ова место е лесно достапно за јавноста. Исто така, Судот смета дека јавноста е обезбедена доколку медиумите и останатата јавност се соодветно информирани за местото на расправата и да им се овозможи ефективен пристап.[11] На крај, по однос на прашањето за транспарентното работење на Советот и почитувањето на законските одредби кои се однесуваат на јавноста, не може, а да не забележиме дека според чл.39 од Законот за Судскиот совет на РСМ, во случаите кога Советот одлучил за исклучување на јавноста од седницата, претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста и во случај ако на истата седница донесува одлука со гласање, гласањето за одлуката е јавно. На оваа седница, Судскиот совет во делот на точката од дневен ред кога требаше да пристапи кон гласање и одлучување, истото не го спроведе соодветно согласно чл.39 од Законот за Судскиот совет, а дополнително не беа обезбедени податоци за јавноста во врска со гласањето, туку беше објавено само соопштение на веб страната за одлуката што е донесена.

Што се однесува пак, до правната дилема околу надлежноста на Судскиот совет и неговото постапување во ваквите ситуации, Судскиот совет на итната седница донесе 3 одлуки за судијата од Врховниот суд. Имено првата одлука што ја донесе се однесува на одземање на имунитетот на судијата за да продолжи кривичната постапка. Втората одлука се однесуваше на барањето за одобрување на притвор, поднесено од страна на судијата на претходна постапка, од Основниот кривичен суд Скопје. Додека пак, третата одлука се однесува на тоа дека судијата времено се оддалечува од вршење на судиската функција. Во однос за овие одлуки и целосното одвивање на седницата Коалицијата изготви еден документ со кој ги детектираше состојбите, но и даде препораки за унапредување на работата на Судскиот совет и судовите во случаите кога има кривични постапки во кои се осомничени судии.

Препознавајќи дека практиката на постапување на Судскиот совет во определена мера се должи и на нејасните законски одредби и несоодветно регулираната постапка за одземање

[10] https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/05/34-JR-SS-052024.pdf
[11] Рипан против Австрија [Riepan v. Austria], пресуда од 14 ноември 2000, бр.35115/97

имунитет и притворање на судија, кои е неопходно да бидат унапредени, сепак сметаме дека судовите и Судскиот совет не треба да постапуваат шаблонски, туку треба да ги толкуваат законските одредби во смислата на нивниот дух, како и во согласност со меѓународно прифатените стандарди за фер и правично судење. Воедно, апелираме овие прашања да бидат разгледани со должно внимание во рамки на реформските процеси и работните групи за измена и унапредување на релевантните прописи.

По поминати речиси 3 месеци од кога беше определена мерката притвор, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција објави соопштение[12] со кое извести дека е постигната предлог спогодба со осмничениот дека го сторил кривичното дело и имајќи ја предвид запретената казна затвор од една до десет години за ова кривично дело, прифати да му биде изречена казна затвор во траење од три години, како и Забрана за вршење професија, дејност или должност на службено лице во период од три години. Согласно Законот за кривичната постапка, откако ќе биде постигната предлог спогодба, Судот е тој кој што треба да одлучи дали истата е прифатена или не. На 15.08.2024 година, од страна на Основниот кривичен суд Скопје беше објавено соопштение со кое ја извести јавноста дека судијата на претходна постапка ја има прифатено предлог спогодбата на јавното обвинителство и осомничениот и е донесена пресуда. Оттаму, согласно Законот на 16.08.2024 година, Судскиот совет закажа итна седница на која констатираше престанок на судиската функција по сила на закон со оглед дека истиот предвидува престанок на судиската функција ако судијата е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ НА ОЦЕНСКАТА МИСИЈА

Откако се случија настаните во Судскиот совет во април 2023, од страна на Европската Комисија беше испратена Оценска мисија односно експертски тим предводен од судија на Врховниот суд на Република Хрватска. Мандатот на Оценската мисија беше да даде препораки за реформи во Судскиот совет на РСМ како и предлог препораки за унапредување на работата на Судскиот совет. Тимот на Оценската мисија, откако одржа низа на состаноци и работни средби со претставници на Судскиот совет, граѓанскиот сектор и експертската јавност изготви извештај со 40 препораки[13] кои се долгорочни, среднорочни и краткорочни. Од овие 40 препораки, 17 препораки Судскиот совет може да ги имплементира без потреба од измена на закони или Уставот, додека останатите препораки се изрично поврзани со измени пред сè на Законот за Судски совет, но и останати закони и Уставот на РСМ. Откако извештајот беше предададен на Судскиот совет и останатите државни институции, во ноември 2023 година, Министерот за правда при Владата на Република Северна Македонија формираше работна група за измени на Законот за Судскиот совет на РСМ која работна група треба да се води по препораките на Оценската мисија, односно да ги имплементира препораките во Законот.

Што се однесува пак до Судскиот совет, односно импплементацијата на 17те препораки кои не се поврзани со измени на закони и Устав, Судскиот совет на седницата одржана на 29.02.2024 година донесе Акциски план за спроведување на препораките на Европската Комисија упатени до Судскиот совет на Република Северна Македонија.[14] Во понатамошниот текст подетално ќе

[12] Линк до соопштението на јавното обвинителство: https://shorter.me/0ZVV0
[13] Извештајот со 40 препораки согласно Законот за класифицирани информации е со ознака "ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА"
[14] Акцискиот план за спроведување на препораките на Европската Унија е достапен на следниот линк: https://rb.gy/2nuf3n

бидат разработени препораките и тоа колку од нив и во која мера се имплементирани од страна на Судскиот совет.

Дел од препораките на Оценската мисија за работата на Судскиот совет се однесуваат на унапредување и подобрување на постапките за избор и унапредување на судиите. Во таа насока, Судскиот совет ги усвои измените на Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ.[15] Дел од измените на Деловникот за оваа препорака се однесуваат на унапредување на образложенијата при избор и унапредување на судии. Согласно измените, членовите на Советот освен гласот ЗА потребно е да го образложат и гласот ПРОТИВ при гласањето за избор/унапредување на судија, како и да се индивидуализираат одлуките, објективните стандарди, конзистентноста и компаративноста на истите. Во насока на ажурно постапување, со новите измените предвидени се рокови за постапување во сите фази на постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, а во насока на имплементирање на дадена препорака во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ. Покрај овие измени во Деловникот, Судскиот совет усвои и измени на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд. Овие измени треба да придонесат кон зголемени квалитативни критериуми за унапредување на судиите согласно резултатите кои ги имаат од нивната работа. Овој Правилник ќе почне да се применува при распишување на нови огласи за избор на судии во повисок суд, а тековните постапки ќе бидат спроведени според Правилникот од 04.02.2020 година.

Препораките на Оценската мисија кои се однесуваат на транспарентно и отчетно работење на Судскиот совет започнаа да се исполнуваат со измените на Деловникот. Имено, предвидено е вклучување на Здружението на судиите и граѓанските организации при расправа и усвојување на Годишниот извештај за работа на Судскиот совет. Дополнително, од страна на Судскиот совет во јуни 2024 година беше усвоена комуникациска стратегија согласно препораките на Оценската мисија. Комуникациската стратегија се изготвуваше во инклузивен процес, односно во подготовката на истата освен членовите на Судскиот совет учествуваа и преставници на граѓанскиот сектор, Судско-медиумскиот совет како и новинари кои ја следат работата на Судскиот совет.

Од следењето на работата на Судскиот совет може да забележиме дека од тие 17 препораки кои не се поврзани со законски измени 7 се делумно имлементирани. Во смисла на тоа дека направени се измени на подзаконски акти, донесени се стратегии и планови за работа, но потребно е да видиме во иднина како истите ќе се имплементираат во практичното работење на Судскиот совет. Во поглед на транспарентното работење, 2 од препораките се целосно имплементирани. Овие препораки се однесуваат на тоа што се зголеми и унапреди информирањето на Советот за неговата работа. Најпрво, во однос на соопштенијата за одржаните седници, мора да напоменеме дека истите се подобро образложени и со подетални информации за тоа што работел Советот на конкретната седница. Исто така, позитивен пример е тоа што седниците на Судскиот совет се емитуваат во живо, а линкот од истите е достапен и во рамки на соопштението за седницата. Во поглед на транспарентноста, Судскиот совет одржа и отворен ден за граѓаните, на кој ден граѓаните имаа можност да се запознаат со дел од членовите на Судскиот совет и да добијат подетални информации за начинот на кој работи Судскиот совет. Што се однесува пак до соработката со медиуми, од страна на претседателката на Судскиот совет беше одржан брифинг со новинари, што како добра пракса треба да продолжи и понатаму со оглед дека во јавноста се поставуваат прашања кои ги интересираат сите граѓани.

[15] Деловник за работа на Судскиот совет на РСМ, објавен во Службен весник на РСМ бр. 117/2024

Препораките на Оценската мисија кои воопшто не се имплементирани, односно не започнал процесот на нивната имплементација се однесуваат на финансиската независност на судството, односно клучната улога во имплементација на овие препораки ја имаат Владата на РСМ и Собранието со оглед на нивните надлежности кои ги имаат. Иако Законот предвидува 0,8% од БДП буџет, сепак овој буџет кој е загарантиран со закон, судството никогаш го нема целосно добиено. Во таа насока, неопходно е Владата и Собранието да се посветат на ова прашање и да ги почитуваат одредбите од законот кој го гарантираат овој буџет. Ова особено е важно и во насока на евроинтеграциските процеси и пристапот во Европската Унија со оглед на важноста на Поглавјето 23. Исто така, во оваа насока важно е и судството како посебна власт навистина да се заложи и да се избори за буџетот кои им следува по сила на закон. Со финансиската независност на судската власт ќе може да се подобрат дел од состојбите за непречено функционирање на судскиот систем.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ

## ЗАКЛУЧОК

Констатирано е дека транспарентноста како принцип за жал има провизорна улога. Иако се забележува поголема фреквенција на соопштенија и известувања за јавноста за работата на Судскиот совет, сепак недостасува суштинска транспарентност.

## ПРЕПОРАКА

Потребно е транспарентноста како принцип да се применува преку алатки кои ќе имаат реални резултати за работата на Советот. Објавувањето на соопштенија за работни посети, состаноци и слично не ја отсликува целосната слика за работата на Советот. Транспареноста треба да биде применувана преку навремено објавување на сите акти и одлуки што ги носи Советот кои ќе бидат потрепени со јасни и разбирливи аругменти.

## ЗАКЛУЧОК

Продолжува трендот на слабата заинтересираност на судиите да се кандидираат за членови на Судскиот совет. Воедно од аспект на транспарентноста за ова прашање неопходно е да се забележи дека биографиите на кандидатите за членови на Судскиот совет не се објавуваат јавно. Имајќи го предвид начинот на избор на членовите на Судскиот совет од редот на судиите важна е транспаретноста и отчетноста и внатре помеѓу самите судии како би можеле да бидат целосно запознаени со професионалната кариера на кандидатите кои би биле нивни претставници во Судскиот совет.

## ПРЕПОРАКА

Неопходно е Судскиот совет да преземе чекори за подобрување на транспаретноста на овој процес како би се имало можност јавноста, но и самите судии да бидат запознаени со професионалниот развој и кариерата на кандидатите за членови на Судскиот совет.

## ЗАКЛУЧОК

Почитувањето на одлуките и останатите акти на Советот не секогаш е доследно, поради што потребно е активностите на Советот да имаат воочлив континуитет. Имено, Советот донесе неколку видови на одлуки  и заклучоци за начинот на сопственото работење, како на пример тоа дека при објава на записниците од одржаните седници на веб страната ќе ги објавуваат и листинзите од гласањето на членовите на Советот. Меѓутоа, за жал отсуствува почитување на вака утврдените правила на работа, поради што листите од гласањето не се јавно достапни и јавноста нема информација за поединечните гласови на членовите на Советот.

## ПРЕПОРАКА

Важно е Советот да ја одржи својата конзистентност во рамките на своето работење како би се оддало впечаток на попрофесионално работење.

## ЗАКЛУЧОК

Констатирано е дека како точки на дневен ред најчесто се истите прашања за кои Советот треба да одлучува, а многу ретко речиси никогаш Советот не посветува внимание на прашања кои се од значење за работата на Советот како што се на пример Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија, извештаи на различни домашни и меѓународни организации за работата на Советот, податоците за довербата во судството, состојбите со човечките ресурси и недостатокот на судии и сл.

## ПРЕПОРАКА

Судскиот совет потребно е да дискутира на седници за прашања надвор од редовните надлежности, а кои се дел од неговиот делокруг на работа. Судскиот совет потребно е да покаже спремност за разгледување на вакви битни прашања како и да подготвуваат соодветен план за работа за надминување на актуелните предизвици.

## ЗАКЛУЧОК

Препораките дадени од Оценската мисија на Европската Комисија се дефинитивно патоказ според кој Судскиот совет треба да се движи за унаредување на својата работа. Дел од препораките на Оценската мисија со оглед дека не се поврзани со измена на законски прописи или Уставот можат да бидат веднаш имплементирани.

## ПРЕПОРАКА

Судскиот совет треба да ги имплементира препораките на Оценската мисија. Акцискиот план кој што беше донесен за имплементација на овие препораки потребно е да биде релизиран како и да се измерат ефектите од овие препораки. Дополнително, препораките кои се однесуваат на измените на Законот за Судскиот совет важно е да инкорпорирани во законскиот текст и истиот да биде усвоен согласно европските стандарди и меѓународните принципи на работа.

## ЗАКЛУЧОК

Образложеноста на одлуките што ги носи Судскиот совет продолжува и понатаму да биде главен предизвик во нивното работење. Ова е особено проблематично во образлагањето на гласовите на членовите на Судскиот совет при избор и унапредувања на судии. Користењето на апстрактни, стереотипни и генерички образложенија не ја дава суштинската слика и оправданоста за носењето на таа одлука.

## ПРЕПОРАКА

Судскиот совет мора да преземе сериозни чекори при носењето на одлуките и образлагањето на истите. Досегашната пракса на носење на одлуки со штури образложенија дополнително влијае на поткопување на довербата на јавноста и сомнежот за евентуални влијанија при носењето на одлуките.

## ЗАКЛУЧОК

Носењето на различни подзаконски акти, стратегии и акциски планови се добри алатки преку кои Судскиот совет може да постави соодветни механизми за работењето. Загрижува процесот на изготвување на овие документи, но и начинот на кои истите се разгледувани на седница на Советот. Најчесто за вакви клучни прашања од доменот на работа на Советот отсуствува дискусија на седницата, а дел од ставовите на членовите на Советот дека овие документи веќе се дискутирани и разработени на работен состанок остава впечаток дека Судскиот совет про форма ги носи одлуките, додека целата реална дискусија се одвива на работен состанок зад затворени врати. Исто така, за жал во минатото се забележува дека не е направена евалуација на имплементацијата на овие документи, а особено дали истите придонеле кон унапредувањето на работата на Советот и истите биле ефикасни согласно целта за која биле донесени. Во тој контекст, освен донесувањето на ваквите документи, особено важна е нивната имплементација во практичното работење и дали навистина истите даваат позитивни резултати.

## ПРЕПОРАКА

Неопходно е ваквите документи и стратегии да бидат  изготвени во инклузивен процес и јавно дискутирани на седница. Исто така, во иднина Советот потребно е да покаже проактивност во имплементацијата на сите стратешки документи кои ќе ги донесе, за да не се остави впечаток во јавноста дека истите се само формални донесени, но отсуствува нивната примена во работењето.



# ВТОР ДЕЛ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО 2024 ГОДИНА

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција согласно законот.

Имајќи предвид дека се работи за колективно тело, Советот на јавните обвинители е составен од 11 члена, односно:

- Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, кој е член на Советот по функција;
- Еден член на Советот избираат јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
- По еден член од своите редови избираат јавните обвинители од подрачјата на вишите јавни обвинителства Битола, Гостивар, Скопје и Штип;
- Еден член на Советот е припадник на заедница која не е мнозинство во Република Северна Македонија, а од своите редови го избираат сите јавни обвинители во Република Северна Македонија;
- Четири члена на Советот ги избира Собранието на Република Северна Македонија од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници, од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Законот за Советот на јавните обвинители, предвидува дека мандатот на членовите на Советот трае 4 години со право на уште еден избор.

Во текот на извештајниот период, беа избрани тројца нови членови на Советот, сите од редот на јавните обвинители од подрачјето Вишо јавно обвинителство Скопје, Вишо јавно обвинителство Битола и од подрачјето на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Во оваа насока, ќе дадеме осврт на секој избор посебно. По спроведените постапки за избор на нови членови, на ден 26.01.2024 година,[16] за член на Советот на јавните обвинители за подрачје Вишо јавно обвинителство Скопје беше избрана Зорица Павловиќ. Видно од содржината на самото соопштение, на објавениот јавен оглас биле пријавени вкупно тројца кандидати. Потоа, на ден 22.03.2024 година,[17] за член на Советот на јавните обвинители за подрачјето на ЈОРСМ бил избран јавниот обвинител Башким Бесими. Исто како и за претходниот, и по повод овој оглас биле пријавени вкупно тројца кандидати. Последниот избор на нов член на Советот се случи на ден 29.07.2024 година,[18] каде што за подрачјето Вишо јавно обвинителство Битола беше избрана Илијеска Марјана. Специфично за овој оглас е тоа што видно од самото соопштение бил пријавен само еден кандидат, кој што е впрочем и избраниот нов член на Советот. Ваквата состојба сосема оправдано може да биде протолкувана и во насока на тоа дека јавните обвинители немаат интерес да учествуваат во работата на Советот и да дадат свој активен придонес за подобрување на состојбата во правосудството, поради што истите едноставно не се пријавуваат на објавените огласи за нови членови. Оттука, потребно е да се анализираат и причините поради кои што ја имаме ваквата состојба, особено доколку ги имаме предвид резултатите од спроведеното истражување за проценка на ризици од корупција

[16] Соопштение од конечни резултати по повод јавен оглас, достапен на: https://shorturl.at/iNWrK
[17] Соопштение од конечни резултати по повод јавен оглас, достапен на: https://shorturl.at/bXoRf
[18] Соопштение од конечни резултати по повод јавен оглас, достапен на: https://shorturl.at/5RVfY

во правосудство согласно кое што истражување произлезе дека 58% од анкетираните јавни обвинители не се согласуваат со тезата дека составот и процесот на избор на Советот осигуруваат негова независност и непристрасност.[19]

# СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Законот за Советот на јавните обвинители, во членот 10, меѓудругото предвидува дека работите од својата надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот на јавните обвинители. Дополнително, покрај обврската за самоницијативно свикување, и во случај доколку постои предлог од најмалку 4 членови на Советот, претседателот исто така има обврска да свика седница.

Деловникот за работата на Советот на јавните обвинители,[20] понатаму низ неколку посебни одредби предвидени во членот 13 од Деловникот, подетално ги регулира прашањата кои што директно се однесуваат на седниците на Советот, од аспект на динамика на одржување, начин на закажување и сл.

## Динамика на одржување на седници и известување на јавноста

Во оваа насока, во ставот 3 од членот 13, предвидено е дека Советот ќе одржува седница барем два пати месечно. На овој начин, со Деловникот се има за цел да се утврди минимум динамика за одржување на седниците, која е неопходна со цел обезбедување континуитет во работата на Советот. Секако, доколку биде оценето дека постои реална потреба за тоа, оставена е можност Советот да одржи и повеќе од 2 седници во текот на еден месец.

Оттука, доколку направиме анализа на податоците од спроведениот мониторинг, изнесени подолу, можеме да видиме дека динамиката на одржување на седници во Советот на јавните обвинители не е во согласност со посочените одредби во Деловникот за работа.




*Број на закажани седници по месеци*

[19] Проценка на ризиците од корупција во правосудството, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2023 година, страна 79
[20] Деловник за работата на Советот на јавните обвинители, Службен весник на РМ број 118/21

Поинаку кажано, ова значи дека во однос на динамиката на одржување на седници, Советот не се придржува ниту до минимум предвиденото. Ова од причина што, видно од податоците, јасно произлегува дека на ниво на месец, Советот најчесто одржувал по 1 седница, нешто што е евидентирано во вкупно 6 од 12 мониторирани месеци. Раководејќи се од релевантната одредба од Деловникот за работа, во рамки на 4 мониторирани месеци, Советот одржал по 2 седници. Иако поретко, со оглед дека се работи само за 2 месеци, сепак Советот има одржано и по 3 седници во месецот, кое нешто било случај во декември месец 2023 година и март месец 2024 година. Оваа година, не е евидентиран ниту еден случај да на ниво на месец не биде закажана и одржана седница.

Покрај ова, во рамки на истиот член, во ставовите 4 и 5, предвиден е начинот на кој што се врши закажување на седница. Во овој дел, нешто што е важно од аспект на овој мониторинг извештај е токму тоа што освен членовите на Советот, раководејќи се од принципот на транспарентност, за одржувањето на седницата, потребно е да биде известена и јавноста, при што е утврден и рок во кој што тоа треба да биде направено. Оттука, предвидено е дека информациите во однос на датумот, времето и местото на одржување на седницата, како и дневниот ред за седницата потребно е да бидат објавени на веб страната на Советот најмалку 3 дена пред датумот за кога е закажана седницата. Секако, од ваквото правило, предвиден е и исклучок, па така, доколку се работи за седница која што по својот карактер е итна, предвидена е можност, седницата да биде закажана и одржана во пократок временски период.




*Дали е запазен предвидениот рок за објава на соопштение?*

Оттука, а видно од податоците изнесени погоре, произлегува дека Советот, за жал не го почитува рокот предвиден согласно Деловникот за работа, со оглед дека за само 5 од вкупно 20 мониторирани седници, соопштението за јавноста било објавено најмалку 3 дена пред одржување на седницата. При поинаков приказ на податоците, тоа значи дека рокот за објава не бил испочитуван за цели 3/4 од вкупниот број на мониторирани седници. Дотолку повеќе што, во ниту еден случај кога рокот за објава на соопштение не бил испочитуван, не станувало збор за итна седница.

Во однос на ова прашање, а доколку направиме компарација со податоците од спроведениот мониторинг од минатата година,[21] можеме да заклучиме дека имаме уназадување на состојбата, со оглед дека за разлика од ова, во извештајот за 2023 година, меѓудругото е евидентирано дека Советот го почитува предвидениот рок и навремено ги објавува соопштенијата најмалку 3 дена пред одржување на седницата.

[21] Петковска И., Тутиќ Л., Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2023 година, страна 32

За крај, битно е да се напомене дека Советот на јавните обвинители од 20.09.2024 година,[22] воведе пракса да на својата веб страна јавно објавува кратко соопштение во однос на точките за кои што се расправало и одлучувало за време на седницата. Од аспект на соодветна примена на принципот на транспарентност во својата работа, ваквата практика на Советот е за поздравување, при што се надеваме дека истата ќе биде доследно практикувана и во иднина, на начин што јавноста ќе има можност веднаш по завршување на седницата да во кратки црти биде информирана за истата.

## Исполнување на услови за одржување на седница

Како и секој друг акт со кој што се регулира работата на едно тело, така и Законот за Советот на јавните обвинители, во став 4 од членот 10, го регулира прашањето за кворум, односно го утврдува минималниот број на членови кои што е потребно да бидат присутни на седница, за да истата може да се одржи. Во оваа насока, предвидено е дека седница на Советот може да биде одржана доколку на истата се присутни мнозинството од вкупниот број на членови. Истата оваа одредба, понатаму е пресликана и во членот 15 став 1 од Деловникот за работата на Советот на јавните обвинители, при што истата е допрецизирана на начин што се предвидува можност членот кој што е спречен од оправдани причини да биде присутен лично на седницата, да има прилика по негово барање, а со дозвола на Претседателот на Советот, да му се дозволи истиот да учествува електронски.

Од податоците од спроведениот мониторинг, произлегува дека од вкупно 20 мониторирани седници, на само 7 седници биле присутни сите членови на Советот, што при поинаков приказ на податоците, значи дека во 35% од одржаните седници, Советот постапувал во полн состав. За останатите 13 седници, било евидентирано отсуство на некој од членовите од актуелниот состав на Советот. За таа цел, во табелата подолу ќе биде даден приказ на податоци само во однос на седниците на кои што било евидентирано отсуство, со цел да се види кој од членовите кои што биле отсустни, има најголем број на отсуства.




*Број на седници на кои бил отсутен членот*

[22] Соопштение објавено на веб страна на Советот на јавните обвинители, достапно на: https://shorturl.at/wLhUL

Видно од податоците изнесени претходно,[23] можеме да заклучиме дека и оваа година, рекореден број на отсуства од седници имаме од страна на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Јавниот обвинител, иако е член по функција, сепак имајќи ја предвид позитивната законска рамка, истиот има право на глас и рамноправно заедно со останатите членови учествува во процесот на одлучување во однос на прашања од надлежност на Советот. Што се однесува пак до останатите членови, може да се види дека најголем број на отсуства имаат членовите Антонио Јолевски и Иџет Мемети, додека пак како второрангирани се членовите Јелена Догазанска Колева и Арбер Исаку. Останатите членови на Советот, односно Фиданка Рајевска, Влатко Георгиевски, Ермон Незири и Светлана Жупаноска имаат еднаков број на отсуства, при што е евидентирано дека истите отсуствувале само по еднаш во текот на целиот мониторинг период.

Во однос на овој дел, уште нешто што остава впечаток, е секако и тоа што кога имаме отсутен член од седница не се наведува причината за отсуството, во смисла на тоа дали истото се должи на службени обврски, отсуство поради здравствени причини, користење денови од годишен одмор и сл. Во прилог на оваа констатација говорат и податоците од спроведениот мониторинг, согласно кои што податоци произлегува дека од вкупно 13 седници на Советот на кои што било евидентирано отсуство, на само 2 од нив биле изнесени причините. Поинаку кажано, претседателот на Советот, на самиот почеток од седницата кога врши проверка на исполнетоста на условите за одржување на седницата, само констатира кој од членовите е отсустен, без воопшто да се осврне на причините.

За крај, исто така треба да се има предвид дека во текот на извештајниот период не е евидентиран ниту еден случај во кој што член на Советот кој што бил спречен лично да присуствува на седницата, учествувал електронски, односно со користење на електронски уред. Иако се работи за навистина добра можност, сепак предметната одредба  сѐ уште не била применета во практиката од страна  на членовите на Советот.

## Квалитет на диксусија

За секоја седница на Советот на јавните обвинители, претходно од страна на претседателот се утврдува дневен ред, во кој што се наведени точките за кои што ќе се дискутира и одлучува. Покрај дневниот ред, и останатите релевантни материјали за седницата се доставуваат до секој член посебно, пред одржување на истата.

Дополнително, пред да се пристапи кон усвојување на предложениот дневен ред, секој член на Советот има можност да достави предлог, односно предлози за измена и дополнување на дневниот ред. Меѓутоа, иако имаа можност, сепак членовите на Советот не ја користат истата, поради што во најголем број од седниците се расправа и одлучува само во однос на точките кои што се претходно предложени од самиот претседател. Во прилог на оваа констатација, говорат податоците од спроведениот мониторинг, изнесени подолу, согласно кои што произлегува дека на само 20% од седниците, член на Советот има истакнато предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред.

[23] Во однос на овие податоци треба да се има предвид дека во текот на периодот во рамки на кој што беше спроведен мониторинг процесот, четири члена на Советот на јавните обвинители беа сменети, како резутат на истек на мандат за кој се избрани, или по нивно лично барање.




*Дали предложениот дневен ред е изменет/дополнет по предлог на член?*

Доколку имаме предвид дека во рамки на минатогодишниот извештај,[24] меѓудругото е констатирано дека имаме недостаток на иницијатива од страна на членовите за предлагање на точки за дискусија и одлучување во рамки на дневниот ред за седницата, можеме да заклучиме дека состојбата во однос на ова прашање не е воопшто подобрена, поради што ваквиот заклучок останува релевантен и понатаму.

За да можеме да направиме сеопфатна анализа на кавалитетот на дискусијата во текот на седниците, покрај оцената на иницијативноста на членовите во поглед на предлагањето точки на дневен ред, вршиме оцена и на уште неколку дополнителни сегменти, кои што се однесуваат на видот на прашања за кои што расправа и одлучува Советот, вклученоста на членовите во дискусијата, како и начинот на кој што се одвива истата.

Прво, имајќи ја предвид одредбата од членот 9 од Законот за Советот на јавните обвинители, најнапред почнуваме со разгледување на видот на прашања кои што спаѓаат во надлежност на Советот, односно прашања кои што биле предмет на разгледување и одлучување од страна на членовите за време на мониторираните седници.

Во оваа насока, а доколку се направи анализа на објавените соопштенија за одржување на седница,[25] релевантни за извештајниот период, јасно произлегува дека Советот на јавните обвинители расправа и одлучува само за прашања кои што се однесуваат на тековното работење на Советот, кои што видно од предложените точки на дневен ред, се повторуваат од седница на седница. Оттука, за жал, мораме да заклучиме дека не е евидентирана ниту една седница на која како точка на дневен ред било разгледано прашање кое што се однесува на унапредување на состојбата во јавните обвинителства, преку остварување на основната цел на Советот за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција. Во прилог на оваа констатација, говорат и податоците од спроведениот мониторинг, поради што во продолжение ќе ги наведеме прашањата кои се нашле како точка на дневен ред за седница, па така, Советот расправал и одлучувал за:

- Усвојување на записник од одржана седница
- Разгледување и оценување на годишните извештаи за работата на јавните обвинителства

[24] Ibid, страна 35-36
[25] Јавно објавени на официјалната веб страна на Советот на јавните обвинители, достапни на: https://shorturl.at/uadmZ

- Избор на јавни обвинители (прв избор и кариерно унапредување)
- Престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија или по поднесено барање од јавен обвинител
- Спроведување на дисциплински постапки за јавни обвинители
- Измени на етички кодекс за јавни обвинители
- Спроведување на постапка за избор на член на Советот на јавните обвинители
- Донесување на одлука за утврдување на број на слободни јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства
- Спроведување на постапка за изготвување на Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители
- Номинирање на членови во тела при различни институции и сл.

Не само што станува збор за повторувачки точки на дневен ред, честопати бројот на прашања кои што биле разгледани за време на седницата, неретко е исклучително мал, па така во практиката имаме седници за кои покрај точката разно или точката за усвојување на записник од претходна седница, на дневниот ред за расправа и одлучување биле предложени само една или две точки, кои повторно се однесуваат на исклучиво на тековното минимум неопходно работење на Советот.

Дополнително, потребно е да се разгледа и прашањето за тоа колку членовите на Советот се вклучувале во дискусијата за време на седниците, во однос на прашањата кои што биле предмет на расправа и одлучување. Во однос на овие податоци, исто како и претходно, треба да се има предвид дека во текот на извештајниот период, неколку членови на Советот беа сменети, што секако има свое влијание врз ваквата статистика, со оглед дека членовите чиј што мандат бил непрекинат во текот на целиот извештаен период имале прилика да бидат вклучени многу повеќе во дискусија, со самото нивно присуство на закажаните седници, за разлика од останатите. Оттука, доколку се спореди активноста на членовите кои имаат исто или релативно слично траење на мандатот во овој извештаен период, може да се забележат големи разлики во нивната вклученост во дискусиите, аргументирање на своите ставови и образлагање на дадениот глас.

Во оваа насока, а откако претходно направивме анализа на вклученоста на членовите во дискусијата за време на седниците, потребно е да видиме и за каков вид на дискусија се работи, односно какви аргументи биле истакнувани од страна на членовите за време на нивното излагања. Во овој дел, треба да се има предвид дека од вкупно 20 мониторирани седници, дискусија во однос на точките од дневниот ред била иницирана на 18 од нив, односно 2 седници биле одржани и спроведени без воопшто да има дискусија помеѓу членовите.




*За време на дискусијата преовладуваа*

Од овие податоци, мораме да констатираме дека на цели 2/3 од вкупниот број на мониторираните седници на кои што имало дискусија, за жал, членовите на Советот, во своите излагања изнесувале стереотипни, апстрактни и повторувачки аргументи. Оттука, на само 1/3 од седниците, дискусијата помеѓу членовите била поткрепена со јасни, релевантни и конкретни аргументи во однос на точките кои што биле предмет на расправа и одлучување. Ваквата статистика несомнено укажува на тоа дека не само што нема доволно дискусија за време на седнциите при Советот, туку дури и кога има дискусија истата е налик на „про форма". Ова особено, имајќи предвид дека од аргументите кои што се изнесуваат за време на една седница, јавноста едноставно нема прилика да ги разбере причините од кои се раководел членот при завземањето на став во однос на определено прашање од дневниот ред. Дискутирањето на овој начин е подеднакво лошо, колку и самото невклучување на членовите во дискусијата.

За крај, кога се анализира дискусијата помеѓу членовите, многу е важно да се направи оцена и начинот на кој што се одвива истата. Оттука, доколку направиме споредба со Судскиот совет, јасно произлегува дека состојбата во Советот на јавните обвинители е целосно различна. Последното, од причина што имајќи ги предвид податоците од спроведениот мониторинг, произлегува дека сите членови на Советот имале доволно време и можност за своето излагање во текот на дискусијата, но не само тоа, туку и дека не е евидентиран ниту еден случај да за време на седница имало несоодветна комуникација помеѓу членовите. Во овој дел, нешто што исто така заслужува внимание е секако и тоа што седниците на Советот на јавните обвинители, за разлика од седниците на Судскиот совет траат релативно кратко. Во прилог на оваа констатација говорат податоците од спроведениот мониторинг, согласно кои што податоци, најкратката седница траела едвај 22 минути.

Имајќи го предвид сето претходно изнесено, јасно произлегува дека констатираната состојба во голема мера се должи и на фактот што членовите на Советот се од претходно добро координирани помеѓу себе, па така, клучните дискусии не ги водат за време на седница, туку надвор од неа, а седницата се користи само за минимална дискусија колку да се остави позитивен впечаток во јавноста, при што веднаш се пристапува кон донесување на одлука. Ваквата практика за меѓусебно усогласување на ставови помеѓу членовите на Советот пред седница не е нешто ново и непознато, со оглед дека ваквиот начин на несоодветно постапување веќе претходно беше констатиран за работењето на Судскиот совет.[26]

[26] Петковска И., Тутиќ Л., Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2023 година, достапен на: https://shorturl.at/BURhh и Петровска Н., Аврамовски Д., Влијание на мерит системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија, достапен на: https://shorturl.at/xlTLv

# ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Законот за Советот на јавните обвинители во членот 9 ги утврдува сите прашања кои што спаѓаат во исклучива надлежност на Советот на јавните обвинители. Во оваа насока, една од поважните надлежности на Советот е токму изборот на јавни обвинители, односно како изборот на јавните обвинители од редот на кандидати кои што успешно завршиле почетна обука при Академијата за судии и јавни обвинители, така и за изборот на јавни обвинители со цел нивно кариерно напредување во повисока инстанца.

Во оваа насока, а за време на извештајниот период, можеме да констатираме дека Советот на јавните обвинители по повод претходно објавен јавен оглас,[27] донесе одлука за избор на 10 јавни обвинители. Во продолжение, ќе дадеме осврт на секој избор посебно. На одржаната седница на ден 27.10.2023 година,[28] Советот донесе одлука за избор на 4 јавни обвинители од редот на академци. Видно од самата одлука, Советот изврши избор на двајца јавни обвинители за Основно јавно обвинителство Гостивар, и по еден јавен обвинител за Основно јавно обвинителство Скопје и Основно јавно обвинителство Струга.

Покрај одлуките за прв избор, Советот во текот на извештајниот период донесе и одлуки за избор на јавни обвинители во повисоко јавно обвинителство. Во оваа насока, на седница одржана на 13.02.2024 година,[29] донесена е одлука за избор на двајца јавни обвинители во Вишо јавно обвинителство Скопје, а на седницата одржана на 20.12.2023 година[30] двајца јавни обвинители беа избрани за Јавно обвинителство на РСМ, и уште двајца јавни обвинители кои беа избрани за Вишо  јавно обвинителство Гостивар.

Во однос на овие одлуки за избор на јавни обвинители, нешто што се провлекува како проблем, евидентно од спроведениот мониторинг и оваа година е тоа што членовите на Советот не даваат образложение на својот глас, како резултат на што јавноста нема можност да разбере од кои причини се раководел членот на Советот во моментот кога решил да го даде својот глас за определен кандидат и да го поддржи таквиот избор. Причината поради која што членовите не даваат образложение на дадениот глас, се должи на тоа што, за разлика од Законот за Судскиот совет каде што е изрично предвидена ваквата обврска за членовите, во Законот за Советот на јавните обвинители таква одредба нема.

Во оваа насока потребно е да се истакне дека членовите на Советот имаат дадено образложение на својот глас само во однос на одлуките за избор на јавни обвинители од редот на академците. Меѓутоа, и покрај тоа што во конкретниот случај членовите имаат дадено образложение, сепак мораме да истакнеме дека дадените образложенија се поткрепени со стереотипни, апстрактни и повторувачки аргументи. Во оваа насока, а чисто колку за појаснување, како дел образложенијата кои што биле дадени се дека кандидатите ги исполнуваат условите, имаат одлични познавања од правото, успешно завршиле почетна обука при Академија за судии и јавни обвинители и сл.

Ваквото постапување на членовите на Советот е апсолутно неприфатливо, со оглед дека обврската да се даде образложение на глас не е нужно потребно да биде предвидена во законски или подзаконски акт. Напротив, раководејќи се од принципот на транспаретност во

[27] Јавен оглас за избор на јавни обвинители објавен на ден 27.09.2023 година, достапен на: https://shorturl.at/NyNCk
[28] Одлука за избор на јавни обвинители, достапна на: https://shorturl.at/diROj
[29] Одлука за избор на јавни обвинители, достапна на: https://shorturl.at/03Ath
[30] Одлука за избор на јавни обвинители, достапна на: https://shorturl.at/2FLGS

работењето, дури и во случај кога постојат правни празнини и недоречености во позитивната правна рамка, потребно е самите членови на Советот да воспостават добри практики на постапување, а воедно и да бидат доследни во нивното практикување. Во спротивно, со ваквите несоодветни практики, во јавноста се остава само впечаток дека членовите на Советот преку рестриктивното толкување на одредбите бараат изговор, односно причина за да го оправдаат нивното нетранспарентно работење. Последното е особено проблем доколку се доведе во корелација со податоците согласно кои што 56% од јавните обвинители имаат став дека одлуките на Советот не се донесуваат самостојно и независно.[31]

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ

Законот за Советот на јавните обвинители, во членот 51 предвидува дека во постапките за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители, Советот постапува како второстепен орган по повод претходно изјавена жалба од страна на јавниот обвинител против кој се води постапката. Оттука, Советот има неколку можности на располагање односно да ја укине, преиначи или потврди одлуката на комисијата која што одлучува во прв степен, како и да го прифати или одбие предлогот за разрешување.

Во текот на извештајниот период, на седница одржана на ден 20.09.2024 година, Советот расправаше и одлучуваше по два предмети за дисциплински постапки против четири јавни обвинители. За време на оваа седница, Советот донесе одлука за исклучување на јавноста само во делот при реферирањето и разгледувањето на предметите од страна на членовите, додека пак одлуките по повод изјавените жалби беа донесени јавно, со повторно присуство на јавноста на седницата.

Во оваа насока, првиот предмет за дисциплинска постапка се однесува на тројца јавни обвинители, односно јавниот обвинител од ОЈО Берово Зоран Биковски, јавниот обвинител од ВЈО Скопје Јован Цветановски и јавниот обвинител од ОЈО Скопје Гордана Гешкоска. По повод овој предмет, од страна на Советот беше донесена одлука со која што дисциплинските постапки беа запрени поради постоење на околности кои што го исклучуваат водењето на дисциплинската постапка, а како резултат на ненавременост на предлогот за поведување на предметната постапката. Во поглед на оваа дисциплинска постапка, неопходно е да истаканеме дека во однос на исклучително долго траење на постапката, Коалицијата „Сите за правично судење“ веќе претходно реагираше во рамки на мониторинг извештајот за работата на Советот на јавните обвинители од минатата година.[32]

Што се однесува пак до вториот предмет за дисциплинска постапка, истиот се однесува на јавниот обвинител од ОЈО Скопје Расим Дреца. На горенаведената седница, Советот донесе одлука со која што изјавената жалба од страна на предметниот јавен обвинител беше одбиена како неоснована и се потврди решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска постапка. Оттука, јавниот обвинител беше огласен за виновен за сторена тешка дисциплинска повреда и му е изречена дисциплинска мерка изразена преку намалување на месечна плата во висина од 30% во траење од 6 месеци.

[31] Проценка на ризици од корупција во правосудство, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 2023 година, страна 79
[32] Петковска И., Тутиќ Л., Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2023 година

# КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ - ИЏЕТ МЕМЕТИ

На ден 21.05.2024 година, од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија беше објавено соопштение,[33] со кое што јавноста се известува дека е отворена истражна постапка против две лица, за кои постои основано сомнение дека сториле кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание“ предвидено во членот 359 од Кривичниот законик. Со оваа истрага беа опфатени тогашниот актуелен судија на Врховниот суд на РСМ, Наќе Георгиев, и тогашниот актуелен член на Советот на јавните обвинители, а воедно и заменик претседател на Советот, Иџет Мемети.

За разлика од Наќе Георгиев, во однос на Иџет Мемети по предлог на надлежниот јавен обвинител, од страна на судијата на претходна постапка во Основниот кривичен суд, беа определени полесни мерки за обезбедување на присуство, односно мерки на претпазливост, предвидени во членот 146 од Законот за кривичната постапка, кои што мерки опфаќаат обврска за јавување повремено на определено службено лице во судот, како и привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање.

По спроведена претходна постапка, од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на ден 14.08.2024 година е објавено уште едно соопштение[34] во кое што е наведено дека надлежниот јавен обвинител склучил Предлог - спогодба со осомничениот Иџет Мемети, со која што спогодба за стореното кривично дело („Примање награда за противзаконито влијание“, предивдено со членот 359 став 3 вв со став 2 од КЗ) е предвидено изрекување на алтернативна мерка - условна осуда со утврдена казна затвор во траење од 1 година, која нема да се изврши доколку во рок од 3 години не биде сторено ново кривично дело, како и изрекување на споредна казна - забрана за вршење на професија, дејност или должност во период од 3 години. Дополнително, откако беше склучена спогодбата со надлежниот јавен обвинител, од страна на Иџет Мемети, беше поднесена и неотповиклива оставка од функцијата член на Советот на јавните обвинители до Собранието на РСМ, како орган кој што е надлежен да ја усвои дадената оставка, имајќи предвид дека се работи за член на Советот на јавните обвинители, избран од страна на законодавниот дом.

Имајќи ги предвид релевантните одредби од Законот за кривичната постапка кои што го уредуваат прашањето во однос на предлог-спогодба,[35] истата беше доставена до судијата на претходна постапка при Основниот кривичен суд, по што е донесена одлука со која што предметната предлог-спогодба е прифатена и донесена е пресуда со која што Иџет Мемети е огласен за виновен за предметното кривично дело, при што е изречена алтернативна мерка условна осуда и споредна казна, предвидени со предлог спогодбата.

Кога станува збор за оваа постапка, сметаме дека неколку работи се особено важни да бидат истакнати, поради што истата заслужува внимание.

Најнапред, се работи за постапка која што е специфична, како од аспект на профилот на лица кои што се инволвирани во рамки на истата, имајќи ја предвид функцијата која што истите ја

[33] Објавено на официјалната веб страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, достапно на: https://shorturl.at/SWKwG
[34] Ibid, достапно на: https://shorturl.at/mZTFL
[35] Член 483-490 од Законот за кривичната постапка, Службен весник на РМ број 150/10, 100/12; 142/16; 193/16; 198/18.

извршувале во моментот на сторување на кривичното дело (судија на Врховниот суд и член на Советот на јавните обвинители), така и од аспект на видот на стореното кривично дело, со оглед дека се работи за случај на висока корупција, со чие што сторување се имало за цел да се изврши влијание врз друга активна кривична постапка која што се водела против трето лице.

Исто така, од моментот на издавање на наредбата за спроведување на истражна постапка, до склучувањето на предлог - спогодбата, изминале речиси 3 месеци, во текот на кој временски период биле закажани вкупно 4 седници на Советот на јавните обвинители. Иџет Мемети, во тој момент сеуште актуелен член на Советот, по сопствена иницијатива одлучи да од вкупно закажаните седници, да не присуствува на 3 од нив.

Во однос на ова, треба да се има предвид тоа што Законот за Советот на јавните обвинители не предвидува можност, член на Советот за кој што е поведена кривична постапка, да биде времено оддалечен од работното место, како би се спречило истиот да учествува во севкупната работа на ова тело, а со тоа и во процесот на носење на одлуки, за време додека се води постапката против него. Отсуството на законска одредба која што ќе го регулира ова исклучително важно прашање, резултира со тоа што, единствено од волјата и совеста на членот на Советот против кој што се води кривичната постапка, ќе зависи понатаму дали истиот ќе учествува во работата на Советот и со тоа ќе го контаминира работењето на целото тело, а секако во прашање ќе ги доведе и сите одлуки кои што потенцијално би биле донесени во меѓувреме додека се води постапката против него, или пак едноставно ќе реши да не учествува во работата на ова тело, се до конечно окончување на предметната постапка.

Во оваа насока, а доколку се направи паралела со Законот за Судскиот совет, може да се види дека ова прашање во предметниот закон е регулирано, на начин што е предвидена можност за времено оддалечување од вршење на функцијата - член на Судскиот совет, и имајќи го предвид ставот 1 од членот 32 од овој закон, оддалечувањето на член на Судскиот совет може да биде направено откако ќе биде одобрен обвинителниот акт против него.

Во овој дел, треба да се имаат предвид последните измени на Кривичниот Законик направени во 2023 година, со кои што измени меѓудругото беше намален и законски предвидениот максимум на казната затвор за коруптивните кривични дела, поради што за овие постапки сега се применуваат релевантните одредби кои важат за скратената постапка, предвидена согласно ЗКП. Во оваа смисла, покрај останатите сегменти кои што се својствени за скратената постапка, важно е и тоа што во овие постапки не е предвидена фаза за оцена на обвинителен акт. Оттука, доколку ваквото решение се толкува рестриктивно, тоа би значело дека временото оддалечување од функцијата не би можело да се однесува на скратените постапки, а со самото тоа и на постапките за делата од корупција.

Имајќи го предвид сето претходно изнесено, неопходно е да се направат измени во Законот за Советот на јавните обвинители, така што прво ќе се предвиди можноста за времено оддалечување од функцијата член на Советот на јавните обвинители против кој што е поведена кривичната постапка, и второ да се предвиди дека за таквото одалечување ќе може да се одлучува со моментот на покренување на обвинение, како иницијален акт за поведување постапка пред суд. На овој начин и со ваквиот предлог ќе бидат опфатени како скратените, така и редовните постапки кои што во иднина евентуално би биле водени против актуелните членови на Советот на јавните обвинители.

Дополнително, Законот за Советот на јавните обвинители во членот 35 ги наведува ситуациите во кои што на член на Советот му престанува мандатот, па така меѓудругите основи наведено е дека мандатот престанува и во случај кога членот на Советот ќе биде осуден со правосилна

пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца или на поблага казна за друго кривично дело кое го прави недостоен да ја врши функцијата член на Советот.[36] Ваквото законско решение значи дека двете можности се алтернативно дадени. Оттука, во конкретниот случај, не би требало да биде спорно дека мандатот на членот му престанува со правосилноста на пресудата врз основа на која е осуден на условна осуда, имајќи го предвид кривичното дело за кое што е осуден односно фактот дека се работи за кривично дело кое што го прави недостоен за натамошно вршење на функцијата, член на Советот на јавните обвинители. Во вакви услови, апсолутно е неприфатливо да не се констатира престанокот на мандатот на седница на телото во кое членува осудениот, туку да се чека оној што го избрал, во конкретниот случај - Собранието да му ја прифати оставката, особено ако се има предвид дека во конкретната ситуација од едниот до другиот момент поминале три недели - спогодбата со осомничениот била склучена на 14.08.2024 и пресудата донесена врз основа на предлог-спогодбата веднаш станала правосилна, а неговата оставка била прифатена од Собранието на РСМ на 03.09.2024 година.[37]

Исто така, нешто што остави особен впечаток е и односот на останатите членови на Советот кон посочената постапка која се води против нивен колега. Имено, за време на седниците кои што ги одржаа откако ЈОРСМ објави соопштение дека е отворена истражна постапка, освен што членовите истакнаа дека немаат законски можности во конкретниот случај времено да го оддалечат Иџет Мемети од функцијата, факт е дека истите не превземаа апсолутно никакви активности со кои што би се оградиле од Иџет Мемети, како и активности со кои што би направиле барем обид за враќање на довербата на граѓаните во работата на Советот, како и обид за враќање на репутацијата на Советот, која повеќе од очигледно по ваквиот корупциски скандал е целосно нарушена. Дотолку повеќе, од мониторираните седници на Советот може да се види дека членовите наместо да дискутираат за битни прашања како што се претходно наведените, истите дискутираа за платата на Иџет Мемети, односно за начинот на кој што истата треба биде пресметана, за што имаа дилема дали ќе се смета дека работниот однос престанал од моментот на правосилност на пресудата која што е донесена врз основа на предлог-спогодбата или пак од моментот на усвојување на оставката од страна на Собранието.

Во оваа насока, нешто што како проблем константно се провлекува, а токму како резултат на оваа постапка уште еднаш се истакна, е секако постапката за избор на членовите на ова тело, од аспект на условот, доколку лицето не е јавен обвинител, тоа да биде „истакнат правник". Во таа смисла, Законот за Советот на јавните обвинители предвидува 4 од вкупно 11 членови на советот да бидат универзитетски професори по право, адвокати, поранешни судии на Уставниот суд, меѓународни судии и други истакнати правници.[38] За разлика од повеќето опипливи категории кои се претходно наведени, листата на поединци кои можат да бидат избрани како член на Советот не е исцрпена, туку е оставена можност и други лица кои се истакнати правници да можат да се пријават на оглас за избор на член на Советот, без да се дефинира поконкретно што се подразбира под формулацијата „истакнат правник". Од друга страна, ако се направи паралела со Судскиот совет, и таму 5 од вкупно 15 членови кои ги бира Собранието, од кои 2 ги предлага Претседателот на државата, помеѓу другите услови треба да бидат дипломирани правници со најмалку 15 години работно искуство во правната професија со положен правосуден испит и кои во вршењето на правната професија се истакнале со научна

[36] Член 35 став 1 точка 4, Закон за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Службен весник на РМ број 150/07, 100/11, 42/20
[37] Јавно објавено на официјалната веб страна на Собранието на РСМ, достапно на: https://shorturl.at/tAPez
[38] Закон за Советот на јавните обвинители, член 6 став 1 точка 5

или професионална работа или со свое јавно делување.[39] Видно од содржината на членот, овде не се спомнува конкретен профил на правник, во насока на професија која лицето ја извршувало, како што беше случај со Законот за совет на јавните обвинители, туку само се бара определено работно искуство, а во поглед на критериумот истакнување е предвидено да се истакнува со научна, професионална работа или јавно делување, но повторно отсуствуваат параметри на кој начин би се утврдило дали некој се истакнал со својата работа или делувал во јавноста, поради што во суштина изборот се сведува на субјективизација и дискреционо право, односно користејќи ги ваквите бланкетни изрази секој што има право да предлага и избира членови на овие две тела може на свој начин да си толкува дали кандидатот ќе се смета за истакнат правник или не.

Имајќи предвид дека овие членови се рамноправни во поглед на одлучувањето со професионалните судии и јавни обвинители, а со оглед дека во конкретните законски норми не се наведени прецизни, објективни и мерливи критериуми кои мора да ги задоволи едно лице за да се смета за истакнат правник, оставен е широк терен за злоупотреба на овој услов со номинирање и избирање на лица кои немаат доволно потребни квалификации за да ја извршуваат оваа функција.

Најголем доказ за ваквото тврдење е тоа што во мнозинството скандали поврзани со работењето на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители се инволвирани токму членовите на овие тела кои што доаѓаат од редот на истакнатите правници. Во конкретниот случај, се работи за постапка која што несомнено претставува еден од најголемите корупциски скандали кои што се случиле во правосудниот сектор некогаш. Оттука, колку за потсетување, незаконското разрешување на сега актуелната претседателка на Судскиот совет, Весна Дамева беше иницирано од страна на Селим Адеми, кој што е член на Советот од редот на истакнатите правници. Дотолку повеќе, во постапката за утврдување одговорност против претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, како подносител на барањето беше Миљазим Мустафа, исто така член од редот на истакнатите правници. Крајно, не помалку важно, сериозни обвинувања за влијание врз работата на Судскиот совет беа изнесени од страна на тогашната претседателка Павлина Црвенковска, која исто како и претходните примери, доаѓа од редот на членови кои што не се судии. Врз основа на сето претходно изнесено, произлегува дека повеќе од очигледно имаме сериозни проблеми со членовите на овие две исклучително важни тела во правосудството, кои што членови не се судии и јавни обвинители.

## РАСПУШТАЊЕ НА СУДСКИ СОВЕТ И СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Скандалозните случувања во Судски совет во врска со незаконското разрешување на тогашната и сегашна претседателка, поради што двајца од членовите на Советот си дадоа оставки беа причина поранешниот министер за правда Кренар Лога да изјави дека едно од можните решенија за враќањето на работите во нормала е со законски преодни одредби да му престане мандатот на сегашниот состав на ова тело.[40]

Истата оваа идеја подоцна е преточена и во Програмата за работа на Владата на РСМ од јуни 2024 година, каде во делот на реформи во правосудниот систем е предвидено дека се предлага

[39] Член 11 став 2 точка 2, од Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Службен весник на РМ број 102/19, 51/23

[40] Изјава дадена за Радио Слободна Европа, достапна на: https://shorturl.at/ZjQLq

распуштање и законска реформа на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Понатаму, наведено е дека во преоден перод, Владата ќе иницира законски измени со кои ќе утврди строги и објективно мерливи критериуми кои ќе треба да ги исполнат новите членови, избрани на предлог на Собранието и на претседателот на државата, кои ќе бидат избрани во транспарентна и јавна постапка, а ќе се иницира и процес на промена на Уставот во делот на уредувањето на составот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, при што ќе се предложи решение за избор на членовите од самите судии и јавни обвинители.[41]

Она што може да се забележи од овој дел од програмата е дека идејата за распуштањето на овие два совети е истакната премногу општо и површно и повторно се користат генерализирани термини, а отсуствуваат важни информации, како на пример на кој начин ќе се направи распуштањето, дали тоа ќе биде внесено како измена во закон или ќе биде донесен посебен акт, дали ќе биде предвидено како ад хок опција само за овој состав на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители или ќе биде опција и за некоја наредна структура на овие две тела доколку потфрлат во нивното работење, кога се очекува да почне процесот на распуштање и колку ќе трае целата постапка на промената на составот на овие две тела, во смисла дали ќе има определен временски период помеѓу распуштањето на досегашните членови и изборот на нови членови. Од денешна гледна точка, после три месеци од донесувањето на програмата, се уште нема никакви конкретни одговори на овие прашања, ниту пак е поведена некаква иницијатива за преземање на дејствија во насока на остварување на погоре наведените цели.

Доколку направиме ретроспектива, можеме да заклучиме дека проблемите во правосудството во нашата држава датираат од поодамна, како и дека во повеќе наврати биле правени обиди за целосно реформирање на системот. Имено, на седницата на Собранието на РСМ од 27.06.1996 година се случи генерален реизбор на судии во сите 27 основни судови во државата,[42] а самото тоа укажува дека моменталната структура на третата власт во тоа време не се покажала како успешна во работењето, односно во прашање биле доведени професионалноста и интегритетот на судиите. Идејата за повторен генерален реизбор се појави пред околу 10 години, а во 2016 година имаше најави и за конкретни проекти од политичките партии за избор на 650 судии,[43] меѓутоа овие проекти никогаш не доживеаа реализација, па процесот на реформи во правосудството се сведе само на разрешување на определен број на судии за кои беше поведена постапка за утврдување на нивна одговорност.

Друг пример за неуспешен обид за реформи е процесот на лустрација, кој почна со донесување на Законот од 2008 година, кој претрпе измени во 2012 година, а откако Уставниот суд во два наврати оцени дека временската рамка од основниот текст и измените на Законот не се во согласност со Уставот, се донесе нов закон во 2012 година, кој повторно беше предмет на критика од страна на Европската комисија, поради исполитизираноста на процесот на лустрација и непостоењето на независна комисија, и предложи негово целосно повлекување, по што во 2015 година Собранието го укина спорниот закон. Кулминација на неуспешните обиди за спроведување реформа во правосудниот сектор во земјава беше секако и формирањето на Специјалното јавно обвинителство во 2015 година, кое обвинителство за жал функционираше само неколку години, со оглед дека во 2020 година престана да постои, како резултат на тоа што беше уапсена шефицата на оваа институција, Катица Јанева. Покрај скандалот со нејзината вмешаност во вршење на кривично дело, во јавноста не остана незабележана ниту

[41] Програма за работа на Владата на РСМ 2024-2028 година, страна 27, достапна на: https://shorturl.at/edusE
[42] Стенографски белешки од 49та седница на Собрание на Република Македонија, 27 јуни 1996 година, страна 58, достапно на: https://rb.gy/8m7cmu
[43] https://sdk.mk/index.php/makedonija/opozitsijata-spremi-generalen-reizbor-na-sudiite/

судбината на предметите кои ги водеше ова обвинителство, односно постапките кои траеја премногу долго, како резултат на што за поголемиот дел од нив настапи апсолутна застареност за кривичен прогон, а оние кои што не завршија поради постоење процесна пречка за водење на постапката, се водат и денес, иако исходот на истите е се понеизвесен.

Во однос на ова прашање, интересно е доколку ги погледнеме и компаративните искуства. Оттука, пример од регионот во кој имаше ветинг на судии и обвинители е Албанија, каде овој процес започна во 2018 година и се концентрираше на процесот на проверка на потеклото на имот, што доведе до поразителни резултати – околу 155 судии и обвинители биле разрешени, а 56 сами си поднеле оставка бидејќи не можеле да го оправдаат потеклото на нивниот имот. Процесот на ветинг подолго време провејуваше како тема и кај нас, меѓутоа таквиот процес никогаш не се спроведе, иако од време на време постојано се актуелизира од различни политички структури во зависност од случувањата во правосудниот сектор. Идејата за распуштање на советите претставува преседан во нашето правосудство, ако се има предвид дека за цело време од независноста на нашата држава кај нас постојат овие два совети, и ниту кај нас, ниту во било кој правен систем во кој се предвидени вакви тела не е познат пример во кој тие се распуштиле. Реализацијата на оваа идеја несомено дека ќе претставува директно мешање во независноста на судската власт, но не само тоа, туку на овој начин ќе биде оставен простор да во иднина владеачките структури секогаш кога ќе оценат дека овие тела не функционираат како што треба, да пристапат кон нивно распуштање.

Токму поради ова, сметаме дека алтернативно решение е да се почека на членовите избрани од редот на судиите да им истече нивниот мандат по сила на закон, со оглед дека од седум такви членови кои беа активни во моментот на незаконското постапување на Судскиот совет, двајца си поднесоа оставка, на еден член на 10.09.2024 година му беше констатиран престанок на мандатот, а на други двајца им истекува на 18.12.2024 година.[44]

Што се однесува пак до останатите членови на Советот, кои што не се судии, имајќи предвид дека се бираат од страна на Собранието на РСМ, а со оглед дека за тоа не е предвиден посебен рок, истите можат во било кое време да бидат подложени на процес на интерпелација[45] и ако се утврди нивната одговорност да бидат заменети со нови членови кои ќе придонесат за поквалитетен состав на ова тело, а со тоа и кон напредок во процесот на реформи во правосудниот сектор. Со ова, само уште еднаш се акцентира можноста која што сеуште им стои на располагање на пратениците во законодавниот дом, да преку интерпелација направат обид да се средат состојбите во Советите, што во крајна линија не само што ќе влијае врз враќањето на довербата на граѓаните во работењето на овие тела, туку ќе влијае и на севкупната довербата која што ја ужива правосуден сектор во целина.

[44] Јавно објавени информации на официјалната веб страна на Судскиот совет, достапни на: https://shorturl.at/47ZrA
[45] Член 45-51 од Деловникот на Собранието на РСМ

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

## ЗАКЛУЧОК

Советот во извештајниот период не се придржувал до одредбите на Деловникот за работа согласно кој е предвидено одржување на две седници месечно. Така, во половината од месеците во годината Советот не успеал да одржи барем две седници месечно, а информациите за времето и местото на одржување, како и дневниот ред за три четвртини од седниците закажани во овој период не биле навремено достапни и објавени.

## ПРЕПОРАКА

Во оваа насока, неопходно е покрај претседателот и сите останати членови на Советот да имаат проактивен пристап кон ова прашање, што значи истите да бидат иницијатори за почесто закажување на седниците на Советот. Покрај ова, во насока на доследно почитување на принципот за транспарентно работење, Советот на јавните обвинители мора да се придржува до предвидениот рок за објава на соопштение за закажана седница, со цел јавноста да има пристап до потребните информации и да може да присуствува на истата. Ова особено поради фактот што е крајно неприфатливо рок кој што самите членови го имаат предвидено во рамки на подзаконски акт (Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители), да не биде почитуван од нивна страна.

## ЗАКЛУЧОК

Во 65% од мониторираните седници, во рамки на извештајниот период, Советот на јавните обвинители постапувал во нецелосен состав, а не е евидентиран ниту еден случај во кој што член на Советот бил спречен лично да присуствува на седницата при што ја искористил можноста да учествува на истата со примена на електронски уред. Исто така, во 84% од седниците за време на кои што Советот постапувал во неполн состав, воопшто не бил даден осврт на причините заради кои што актуелните членови на Советот биле отсутни.

## ПРЕПОРАКА

Оттука, во согласност со принципот за транспарентното и отчетно работење на Советот, потребно е секогаш кога на седница ќе биде отсутен некој од членовите, да биде истакната причината на која што се должи таквото отсуство. Имајќи предвид дека претседателот на Советот раководи со седницата, ваквата обврска се однесува токму на него и истото треба да биде направено уште на самиот почеток во делот кога се врши проверка на исполнетоста на условите за одржување на седницата. Дополнително, не помалку важно е секако и тоа членот кој што е спречен лично да присуствува на седница  секогаш кога е возможно да ја користи можноста за учествување на седница со користење на електронски уред, односно по електронски пат.

## ЗАКЛУЧОК

Во само 20% од вкупниот број на мониторирани седници, предложениот дневен ред бил изменет и дополнет по предлог на член пред почетокот на самата седница. Ваквата ситуација може да се должи на претходно договарање на членовите за точките за дискусија, или пак на пасивноста од страна на членовите на Советот кога станува збор за ова прашање. Покрај ова, од направената анализа на предожените точки на дневниот ред од седниците кои што беа предмет на мониторинг, јасно произлегува дека Советот на јавните обвинители за време на седниците одлучува само за прашања кои што се однесуваат на тековното работење, ваквите прашања се повторуваат од седница на седница и не помалку важно, на нивно на седница се разгледуваат исклучително мал број на прашања. Имајќи го ова предвид, како и отсуството на значајна дискусија и исклучително краткото траење на седниците, немањето на многу интервенции во дневниот ред од страна на членовите, делува дека се должи на нивната пасивност.

## ПРЕПОРАКА

Во оваа насока, неопходно е членовите на Советот да покажат повисок степен на иницијатива која ќе биде изразена првенствено преку предлагање на нови точки на дневен ред, и на тој начин да дадат свој придонес кон тоа да за време на седниците во иднина, предмет на расправа и одлучување бидат поширок круг на различни прашања кои што спаѓаат во делокругот на надлежностите на Советот на јавните обвинители.

## ЗАКЛУЧОК

Евидентна е разлика помеѓу членовите на Советот и во однос на прашањето за нивната вклученост во дискусија за време на седниците. Ова особено, поради фактот што од една страна имаме членови кои што се активни и се вклучуваат во дискусија, а од друга страна имаме и членови кои што освен што се физички присутни на седницата, воопшто не даваат свој придонес кон дискусијата во однос на прашањата за кои што се расправа и одлучува. Дотолку повеќе, загрижува фактот што во 67% од седниците на кои што имало дискусија, аргументите кои што биле изнесувани од страна на членовите за време на истата биле апстрактни, стереотипни и повторувачки. За крај, нешто што исто така остави впечаток, од аспект на времетраење е секако и тоа што во рамки на овој извештаен период се забележува дека седниците на Советот на јавните обвинители, за разлика од седниците на Судскиот совет траат значително пократко, што исто така укажува на површност при дискутирањето и образлагањето на размислувањата на членовите и одлуките на Советот.

## ПРЕПОРАКА

Во оваа насока, неопходно е сите членови на Советот, без какви било исклучоци да бидат проактивни во пристапот, на начин што истите во иднина ќе се вклучуваат во дискусијата за време на секоја една седница, а своите излагања ќе ги поткрепат со релевантни, јасни и конкретни аргументи во склад со прашањето кое што дента е предмет на расправа и одлучување пред Советот.

## ЗАКЛУЧОК

Во рамките на овој извештаен период останува релевантна забелешката од претходно која што се однесува на отсуството на образложение на дадените гласови при донесување на одлуката за избор на јавни обвинители, особено проблематично што ваквото постапување е изразено не само во посапките за прв избор, туку и во постапките за кариерно унапредување на јавните обвинители. Во однос на ова прашање можеме да констатираме дека состојбата останува практично непроменета, што значи дека членовите на Советот и понатаму повикувајќи се на чисто формалистички причини, (кои што се должат на немање обврска за такво нешто која е предвидена во позитивните прописи) не даваат образложение на своите гласови.

## ПРЕПОРАКА

Оттука, сметаме дека е нужно членовите на Советот во иднина да даваат образложение на својот глас, без разлика на тоа дали истите дале поддршка за определен предлог или пак не, односно за начинот на кој што истите гласале. Само на тој начин, јавноста ќе има прилика да ги слушне причините од кои што се раководел секој член поединечно при гласањето, а со тоа на крајот и јавноста ќе биде убедена дека Советот ја донел вистинската одлука, кое нешто во крајна линија ќе влијае на подобрување на довербата на граѓаните.



WWW.CAFT.ORG.MK